01-225/1
25.12

ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" ПРИЛЕП

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ
СО ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА И ФИНАНСИСКИ ПЛАН
ЗА 2025 ГОДИНА

Декември 2024

ВОВЕД

ЈКП „Водовод и Канализација“- Прилеп е јавно претпријатие од јавен интерес и врши комунално-стопански дејности во урбаната заедница на град Прилеп, со професионален однос кон граѓаните и одговорност за водоснабдување и одведување на урбаните отпадни води кој е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Прилеп.

ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп е основано со Одлука на Совет на Општина Прилеп со број 07-1649/4 од 16-12-2003 година и е регистрирано во трговскиот регистар на Основниот суд во Битола на ден 26-12-2003 година. ЈКП „Водовод и канализација“ е формирано со одделување на РЕ „Водовод и канализација“ од ЈКП „Комуналец“ – Прилеп. ЈКП „Водовод и канализација“ активно започна со работа на 01-07-2004 во согласност со Одлуката за основање на ЈКП „Водовод и канализација“- бр. 07-919/8 од 09-07-2004 од Советот на Општина Прилеп.

Основањето, регистрацијата и работењето на ЈКП е во согласност со Законот за јавните претпријатија и Законот за комунални дејности.

ЈКП е основано заради вршење на комунални дејности од јавен интерес – собирање, обработка и снабдување со вода за пиење, одржување и реконструкција на водоводната мрежа, отстранување на отпадни води, одржување и реконструкција на фекална и атмосферска канализациона мрежа,прочистување на урбани отпадни води како и други дејности согласно Закон.

Основната функција на ЈКП „Водовод и канализација“ - Прилеп е обезбедување вода за пиење која е здравствено и хигиенски исправна како и квалитетно канализирање на отпадните води на начин што претпријатието ќе работи соодветно и одржливо, генерирајќи приход кој е потребен за да се покријат трошоците на инвестирање, раководење и одржување.

Мисијата на ЈКП „Водовод и Канализација“ Прилеп е непрекинато снабдување со технолошки исправна вода за пиење, одведување на отпадните води (фекални, технолошки,атмосферски), одржување на водоводната и канализационата општинска инфраструктура водејќи притоа сметка за заштита на животната средина преку прочистување на отпадните урбани води.

Визијата на ЈКП „Водовод и Канализација“ Прилеп е :

Развојна експертиза од светска класа за услугите што ги овозможува ЈКП„Водовод и канализација“ - Прилеп

- чиишто услуги го подобруваат квалитетот на животот;
- обезбедува функционална водоводна и канализациона инфраструктура;
- допринесува за унапредување на животната средина со запазување на сите меѓународни стандарди и прописи;
- модернизирано и со одржливо работење;
- кое обезбедува полесен пристап на клиентите до ефективни и ефикасни информации;
- кое обезбедува долгорочна релација со клиентите со поголема видливост и пристапност кон службите на ЈКП;
- кое го поврзува и соработува со граѓанското општество.

Вредности на кои се заснова работењето и функционирањето на ЈКП „Водовод и канализација“ - Прилеп се следните:

- Одговорност, професионален однос кон корисниците и нивна заштита;
- Остварување на соработка со корисниците со соодветни решенија – доверба, отворена и искрена соработка и комуникација со нив;
- Воведување на иновативни решенија за рационално користење на ресурсите;
- Континуирана грижа за животната средина;
- Сигурност во давањето на услугите;
- Континуитет, квалитет и достапност на услугите;
- Ефикасност и транспарентност во работењето.
- Посветеност на реализација на работни задачи;
- Континуирано подобрување на ефикасноста и ефективноста на работните процеси;
- Градење на взаемна доверба и взаемно почитување на сите клучни заинтересирани странки на ЈКП“Водовод и канализација“ – Прилеп.

Претпријатието во рамките на својот делокруг на работа ги врши следните дејности:
36.00 – Собирање, обработка и снабдување со вода (како приоритетна дејност);
37.00 – Отстранување на отпадни води;
71.12 – Инженерство и со него поврзано техничко советување;
42.21 – Изградба на комунални објекти за течности;
42.91 – Изградба на хидроградежни објекти;
43.22 – Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин, инсталации за греење и клима уреди.

Статутот и работењето на претпријатието се дефинирани врз основа на одредбите од Законот за Јавните претпријатија и Законот за комунални дејности. Статутот на ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп кој е моментално во сила е усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп на седница одржана на ден 24.11.2016 година.
Со работата на претпријатието раководи директорот кој го избира, односно разрешува градоначалникот на општина Прилеп. Изборот се врши врз основа на јавен конкурс, а директорот се избира со мандат од четири години.

Главната цел на годишната програма за работа е да обезбеди алатка за управувачката структура на ЈКП, за да се определат техничко-оперативните, комерцијалните, финансиските и организациските активности, како и подобрување на перформансите на јавното претпријатие при испорачување на услугите за вода, односно водоснабдување, собирање и одведување на отпадни води, како и прочистување на истите, со цел на приоритизација на инвестициите во снабдувањето со вода за пиење и одведување на отпадни води, утврдување на трошоците за покривање на тарифите и за подобрување на оперативните и финансиски перформанси.

Со Годишната програма ќе се обезбеди остварувањето на стратешките цели преку инвестициона програма во Бизнис планот од 2024-2026 година, како и извршување на голем број активности и проекти со реализација на целните вредности. ЈКП „Водовод и канализација„- Прилеп е јавно претпријатие кое обезбедува услуги за водоснабдување и собирање и одведување на отпадни води за домаќинства и индустрија на територија на општина Прилеп, а од 2019 година врши и прочистување на отпадните води на територијата на Општината.

Главните аспекти во деловното планирање се континуирано и успешно водоснабдување, собирање и одведување на отпадните води и нивно прочистување, како и воспоставувањето

на системи за подобрување на ефикасноста во оперативното работење, обезбедување квалитет на сигурност во снабдувањето и на водната услуга, согласно важечките стандарди.

Почетокот на 2018 година започна да се спроведува и планот за прилагодување на тарифите, кој е изработен согласно инструкциите дадени во Методологијата, а пресметана е и економската достапност на вкупната тарифа на водните услуги на домаќинствата во Општина Прилеп. Истата не ја надминува горната граница од 3%. На тој начин предложените тарифи обезбедуваат рентабилност во работењето на ЈКП од една страна, како и достапност на водните услуги до корисниците, водејќи сметка за нивниот просечен месечен приход, од друга страна, согласно финансиските проекции.

Согласно Извештајот за спроведена функционална анализа во ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп број 01-47/1 од 27.01.2022 година, Правилникот за внатрешна организација на ЈКП „Водовод и канализација“ - Прилеп бр.01-47/2 од 27.01.2022 година и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-47/3 од 27.01.2022 година, изготвени согласно Законот за вработени во јавниот сектор, работењето на ЈКП „Водовод и канализација“ - Прилеп е организирана во четири сектори и 13 одделенија од кои едно самостојно одделение (одделение за јавни набавки) со извршување на: техничките, оперативни, стручно-аналитички, инвестициски, информативно-документирани, материјално-финансиски, стручно-административни, правни, информативно-комуникациски, информатичко-технолошки, управно надзорни, како и други функции во секторите и тоа:

1.СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ
1.1. Одделение за водовод и одржување
1.2. Одделение за водомерна работилница
1.3. Одделение за санитарна контрола
1.4. Одделение за подготовка, инвестиции и развој
1.5. Одделение за односи со корисници (наплата)

2.СЕКТОР ЗА ОДВЕДУВАЊЕ и ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ
2.1. Одделение за канализација
2.2. Одделение за пречистителна станица

3.СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ
3.1.Одделение за сметководство
3.2.Одделение за комерција
3.3. Одделение за ИТ поддршка и автоматска обработка на податоци (АОП)

4.СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНО – ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

4.1.Одделение за административно - правни и општи работи
4.2.Одделение за човечки ресурси

5. Одделение за јавни набавки

Покрај организационите единици (облици) утврдени со овој правилник, како независни и самостојни во својата работа, надвор од секторите и одделенијата, се предвидуваат и следните работни места:

1. Технички директор;
2. Самостоен градежен инженер – советник на директорот

ДЕЛОКРУГ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ (ОБЛИЦИ)

01.Одделение за јавни набавки

Во Одделението за јавни набавки се вршат следните работи и задачи:

- изготвување на план за јавни набавки, грижа за негова реализација, подготвување на одлуките и тендерските документи за јавните набавки;
- објавување и водење на постапките по јавните набавки и давање стручна помош на комисијата за јавни набавки;
- оформување, водење и чување на досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка;
- координирање на реализацијата на склучените договори по јавните набавки со другите одделенија;
- доставување информации до органите на претпријатието за прашањата од доменот на јавните набавки;
- соработка и координираност со одделенијата инволвирани во реализацијата на јавните набавки заради законско реализирање на истите;
- соработка со надворешни органи и институции во врска со јавните набавки;
- вршење на административно – технички работи за комисијата за јавни набавки и планирање на набавките на стоки, материјали и услуги;
- следење на реализација на склучените договори за јавни набавки;
- изготвување планови и биланси за набавка на материјали, стоки и услуги и испитување на пазарот на стоки, материјали и услуги;
- грижа за постоење на оптимална залиха и
- следење на законските прописи кои се однесуваат на работењето на претпријатието и грижа за нивно имплементирање.

1.СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ

Секторот за технички работи и развој преку своите организациони делови извршува активности за решавање на технички проблеми, систематски преглед и редовно одржување на водоводната и канализационата мрежа, водење катастар за постоечката и новоизведената хидротехничка инфраструктура (водоводна, фекална и атмосферска мрежа), вршење геодетски снимања/мерења на хидротехничката инфраструктура, надзор на објекти за кои инвеститор е претпријатието и надворешни инвеститори, издавање потврди (согласности) за постоечка, предвидена и проектирана подземна хидротехничката инфраструктура (водоводна, фекална и атмосферска мрежа) со нејзини технички карактеристики, секојдневна контрола на водата за пиење од определените мерни места, санитарно-хигиенска контрола и надзор над објектите

за водоснабдување, обезбедување на објектите, редовна и периодична контрола на мерните инструменти -водомери, замена на постоечки мерни инструменти и верификација на истите.
Секторот е организиран на следниот начин:

1.1. Одделение за водовод и одржување

Во Одделение за водовод и одржување во својот делокруг на работење ги опфаќа следните работни активности и задачи:

- одржување на водоводната мрежа и обезбедување на градот Прилеп со квалитетна вода за пиење;
- одржувањето на водоводната мрежа подразбира систематски преглед на дистрибутивната мрежа кој вклучува: периодична контрола на мрежата, контрола на затварачи, контрола на пожарни хидранти, контрола на воздушни вентили, контрола на водомерни шахти и контрола на приклучоци. Покрај систематскиот преглед се врши и редовно одржување на дистрибутивната мрежа кое подразбира: одржување на водомерни шахти, на приклучни цевки, на воздушни вентили, испусти и пожарни хидранти, санирање на дефекти на цевководи, систематско мерење на притисокот, генерално промивање на мрежата, поврзувања и реконструкции за потребите на граѓаните и стопанството и сл.
- издавање хидротехнички услови (со кои се дефинираат услови за приклучување на водоводната мрежа на град Прилеп, по поднесено барање);
- издавање решенија за нов водоводен приклучок и разни писма, дописи и одговори на барања;
- увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- приклучување на правни и индивидуални објекти на водоводна мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;
- отстранување дефекти на дистрибутивната мрежа и сл.

1.2. Одделение за водомерна работилница

Во Одделение за водомерна работилница во својот делокруг на работење ги опфаќа следните работни активности и задачи:

- редовна и периодична контрола на мерните инструменти-водомери;
- замена на постоечки мерни инструменти;
- верификација на мерните инструменти;
- одржуање на мерните инструменти на правни и физички корисници;
- поправка на мерни инструменти на корисници;
- промена на водомери и исклучување на корисници, интервенира по нивно писмено барање, врши промена на вентили и отклонување на дефекти;
- врши исклучување и приклучување на сите должници од кои на друг начин не можат да се наплатат побарувањата.

1.3. Одделение за санитарна контрола

Во Одделение за санитарна контрола во својот делокруг на работење ги опфаќа следните работни активности и задачи:

- секојдневна контрола на водата за пиење од определените мерни места, санитарно-хигиенска контрола и надзор над објектите за водоснабдување;
- редовни физичко-хемиски и бактериолошки анализи на водата за пиење;
- вонредни физичко-хемиски и бактериолошки анализи на водата на новоизградена мрежа;
- физичко-хемиски и бактериолошки анализи на водата при испирање на водоводната мрежа;
- експлоатација, одржување и обезбедување на извори за питка вода, хлоринаторски станици, пумпни станици за питки и фекални води, резервоари за питка вода и градски фонтани.
- управување на пумпните станици за питка и фекална вода и хлоринаторните станици;
- електро и машинско одржување на пумпни станици за питка вода, фекална и атмосферска вода, резервоари, хлорни станици, фонтани, аграгати и др.
- обезбедување,градежно и хортикултурно одржување на објектите на ЈКП .

1.4. Одделение за подготовка, инвестиции и развој

Во Одделение за подготовка, инвестиции и развој во својот делокруг на работење ги опфаќа следните работни активности и задачи:

- водење катастар за постоечката и новоизведената хидротехничка инфраструктура (водоводна,фекална и атмосферска мрежа);
- вршење геодетски снимања-мерења на хидротехничката инфраструктура што се изведува и геодетски надзор за објекти за кои инвеститор е ЈКП и надворешни инвеститори;
- издавање потврди (согласности) за постоечка,предвидена и проектирана подземна хидротехничката инфраструктура (водоводна,фекална и атмосферска мрежа) со нејзини технички карактеристики;
- изготвување и прибирање на потребна документација за добивање на дозволи за изградба на објекти на дејности што се обавуваат во ЈКП;
- надзор над изградбата или реконструкцијата на објектите,
- обезбедува потребната документација за изведба на приклучоци за објекти на постечката хидротехничка инфраструктура и сл.
- Детектирање на подземни инсталации со гео скенер
- Лоцирање на водоводни линии со локатор и тракер на цевки
- Детектирање на дефекти со камера за отпадни води
- Детектирање на истекување со помош на корелатор
- Детектирање на истекување со помош на геофон

1.5. Одделение за односи со корисници (наплата)

Во Одделението за односи со корисниците во својот делокруг на работење ги опфаќа следните работни активности и задачи:

- редовно месечно очитување на водомерите на физичките и правни лица – корисници на услугите на претпријатието;
- фактурирање на потрошената вода и склучување на договори за водоснабдување;
- месечна достава и наплата на сметки за потрошена вода од домаќинствата и стопанските субјекти;
- наплата на сметки за сите месеци, наплата по тужби, наплата за склучени договори, наплата за исклучување и приклучување на водомери и наплата по други основи;
- врши редовни и вонредни контроли (согласно доспеани жалби од корисниците) и врши исклучување на нередовните плаќачи и дивите корисници на системот за водоснабдување;
- изготвува вонредни сметки, книжни одобренија и месечни извештаи за извршените налози;
- ги превзема сите потребни мерки за наплата на сметките за вода од правни и физички лица;
- доставува опомени за ненавремено плаќање до корисниците и како крајна мерка врши исклучување од водоводната мрежа;
- дава предлози за тужење на нередовните плаќачи на сметки-фактури.

Секое одделение има раководител, кој врши надзор на своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат во истото го известува раководителот на сектор. Раководителот на сектор одговара пред Директорот за сите активности во тековното работење на претпријатието.

2.СЕКТОР ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Секторот за пречистување и одведување на отпадни води преку своите организациони делови извршува активности за нормалното функционирање на целокупната јавна фекална и атмосферска канализациона мрежа и има цел да овозможи пречистување на загадените отпадни води односно влез на отпадна вода и излез на третиран ефлуент во Прилепска река.
Врши нејзино редовно одржување, одводнување на отпадните и атмосферските води. Редовно и инвестиционо одржување на фекалната и атмосферската канализациона мрежа, со кој се одводнуваат отпадните води од домаќинствата, индустријата и другите претпријатија и јавни установи, како и одводнување на атмосферскиот води од територијата на градот Прилеп во соодветните природни рецепиенти.
Секторот е организиран на следниот начин:

2.1. Одделение за канализација

Одделението за канализација во својот делокруг на работење ги опфаќа следните работни активности и задачи:

- одведување на отпадните и атмосферските води;

- тековно и инвестиционо одржување на фекалниот канализационен систем, со кој се одведуваат отпадните води од домаќинствата, индустријата и другите претпријатија и јавни установи;
- тековно и инвестиционо одржување на атмосферскиот канализационен систем, со кој се одведуваат атмосферските води од територијата на градот Прилеп во природните реципиенти и отворени канали;
- одржување во исправна состојба на атмосферските и фекални пумпни станици и објекти , ревизиони шахти кои служат за контрола и одржување на канализационата мрежа и сливници кои служат за прифаќање на атмосферските води како и одржување на попивателни бунари;
- врши интервенции со цистерни под притисок , вакум како и интервенции со рачен алат, чекреци, сајли и друго;
- издавање хидротехнички услови, по поднесено барање (со кои се дефинираат услови за приклучување на фекална и атмосферска каналска мрежа на град Прилеп);
- издавање решенија за нов канализационен приклучок, по поднесено барање;
- вршење увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- приклучување на објекти на канализационата мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок.

2.2. Одделение за пречистителна станица

Одделението за пречистителна станица во својот делокруг на работење ги опфаќа следните работни активности и задачи:

- реализирање на сите видови на постапки/третмани на отпадните урбани води
- работните активности во ова одделение ќе се одвиваат во фази:

- линија на третман на отпадна вода-механичкиот третман на отпадната вода
  -пумпање на отпадна вода од главниот колектор преку влезната пумпна станица
  -пропуштање на отпадната вода низ фини решетки со кои ќе се отстрануваат фини и груби полутанти
  -отстранување на песок со фаќач на маснотии преку аерирана комора
  -таложење на тиња преку примарни таложници
- линија на третман на отпадна вода-биолошкиот третман на отпадната вода значи отстранување на органските полутанти од отпадната вода во средина богата со кислород
  -аерациони базени-органските загадувачи ќе се отстрануваат со помош на колонии од аеробни бактерии и микроорганизми кои формираат активна тиња
  -процес на дефосфоризација со FeCl3 (железен три хлорид)
  -секундарни таложници-финална седиментација за издвојување на активната тиња од третираната отпадна вода
- по завршувањето на линиите за третман на отпадна вода-механички и биолошки третман, се добива чиста вода која ќе се испушта во Прилепска река
- третманот на тиња(примарна тиња и вишок активна тиња) кој се јавува во текот на процесот ќе ги подразбира следните активности:
  -згуснување и стабилизрање на тињата во загреани дигестори, а потоа ќе се одводнува(цеди)

-биогасот што ќе се добива од процесот на дигестија ќе се користи за производство на електрична енергија и топлина
-дренираната тиња потоа ќе се носи во сушни полиња кои ќе имаат капацитет за складирање во текот на 4 месеци и со камиони ќе се транспортираат надвор од пречистителна станица
-дренираната вода од тињата ќе се собира со адекватна дренажна цевка и повторно ќе се враќа во влезната пумпна станица

Секое одделение има раководител на одделението, кој врши надзор на своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат во истото го известува раководителот на секторот. Раководителот на секторот одговара пред Директорот за сите активности во тековното работење на претпријатието.

3.СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Секторот за финансиско работење преку своите организациони делови во целост го води материјално и финансиско работење на претпријатието; ја организира и врши целокупната сметководствена евиденција и контрола на материјално финансиското работење, ја организира и врши целокупната набавка на материјали и опрема за потребите на претпријатието; организира и врши електронска обработка на податоци, подготовка на плата, подготовка на фактури и следење на наплатата на истите, подготовка на инвестициона програма и финансиски планови, врши истражување на пазарот, врши контрола врз процесот на спроведување на јавните набавки,врши обработка и контрола на фактурите и договорените цени, водење на целокупната документација во врска со магацинското работење, врши и други работи од дејноста на секторите и претпријатието во целина.

Секторот за финансиско работење е организиран на следниот начин:

3.1. Одделение за сметководство

Во Одделението за сметководство се извршуваат следните работи:

- сметководствените активности (благајничко работење, ликвидатура, контирање и сл.), финансиска пресметка и евиденција, планирање на приходи и расходи, финансиска статистика, анализа, известување и контрола, евиденција и управување со основните средства, исплата на плати, даноци и придонеси од плата, изработка на годишни и квартални финансиски планови, следење на реализацијата на средствата на буџетот, донации, сопствени приходи, кредити и друго;
- исплата на испратнина за одење во пензија и исплата на парична помош за починати членови од потесно семејство;
- наплатата на побарувања од правни и физички лица, тужбените побарувања;
- се врши контирање на сметководствените исправи и составување на налози за книжење;
- усогласување на приходите и расходите на ЈКП;
- усогласување на синтетичката со аналитичката сметководствена евиденција;
- ја организира и применува стапката на амортизација и ревалоризација на основните средства согласно законските прописи;
- средување на сметководствената евиденција и нејзино архивирање;
- се изготвува завршна сметка и периодични пресметки;

- организација на пописот и евиденција и ажурирање на пописните документи во сметководствената документација;
- подготовка на подзаконски акти за регулирање на прашана поврзани со платите, надоместоци на плата, додатоците на плата и другите примања на вработените во ЈКП и сл.;
- континуирано следење на законите од областа на финансиското работење.

3.2. Одделение за комерција

Оддлението за комерција своите активности ќе ги остварува согласно Годишниот план за јавни набавки, односно согласно активностите на Одделението за јавни набавки, односно ќе ги реализира сите видови на набавки за потребите на претпријатието согласно Законот за јавни набавки

- ќе го врши истражувањето на пазарот по претходно изготвени спецификации од Секторите во Јавното претпријатие, со утврдени количини на материјали, прецизни и точни податоци за материјали кои се предмет на набавка и кои ќе бидат предвидени во Програмата за работа и развој со инвестициони вложувања на ЈКП “Водовод и канализација“-Прилеп
- ќе ги изработува новите шифри за сите видови новонабавени стоки во Претпријатието и истите ќе се имплементираат во постојниот шифрарник од страна на материјалното книговодство
- по завршување на целокупната постапка за јавни набавки и потпишување на договори со понудувачите, преку налозите за набавка потпишани од раководителите на секторите , а одобрени од Директорот на Претпријатието, одделението за комерција ќе ги реализира набавките
- референтите за набавка ќе бидат должни да достават порачка до понудувачот со кого е склучен договорот за набавка
- референтите за набавка се одговорни за количината и квалитетот, заедно со магационерот и одговорното лице за квалитетот на стоката при приемот на стоката во магацинот

3.3. Одделение за ИТ поддршка и автоматска обработка на податоци (АОП)

- одржување на апликации за сметководство, финансово и материјално работење, корисниците, фактурирање на услуги, основни средства, тужби за корисниците, личен доход, кадрова евиденција, благајничко работење и др.;
- се прибираат,систематизираат и ажурираат податоците за вработените и корисниците на услуги;
- се изработуваат сметки за месечна потрошена вода за индивидуални корисници и фактури за правни лица;
- се подготвуваат анализи извештаи и информации за одделни аспекти за ИС;
- се врши обука на корисниците за употреба на функциите на информатичкиот систем;
- се координираат активностите за реализација на плановите,програмите за работењето на ЈКП во областа на ИТ;
- дефинира потреба од информатичка опрема,и предлага информатички решенија;
- планира развој на информацискиот систем и координирање на активностите за примена на информацискиот систем;
- обработка на разни видови податоци, трансформирајќи ги во корисни и услужни информации;

- податоци за другите сектори и одделенија во претпријатието и надвор од него;
- одржување на сите тековни апликации и постоечка системска инфраструктура во претпријатието;
- развој на нови апликации или модули од апликации, предлог за нови набавки на системска опрема и нејзино конфигурирање и ставање во употреба и др.

Секое одделение има свој раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во одделението. Раководителите поднесуваат извештај за своето работење пред раководителот на секторот. Раководителот на Финансискиот сектор одговара директно пред Директорот на претпријатието.

4.СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНО – ПРАВНИ РАБОТИ, ОПШТИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Секторот за административно - правни, општи работи и управување со човечките ресурси преку своите организациони делови обезбедува административно - правна поддршка на работењето на организациските единици и претпријатието како целина. Ги извршува работите од областа на управувањето со човечките ресурси во претпријатието.
Се грижи за тековното одржување на објектите, како и врши други работи за потребите на директорот и секторите во претпријатието.

Секторот е организиран на следниот начин:

4.1. Одделение за административно – правни и општи работи

Одделението за административно – правни и општи работи врши нормативно правни и други стручни административни работи за потребите на претпријатието и во таа смисла ги следи сите законски и подзаконски прописи поврзани со работењето и дејноста на претпријатието.

- Ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на претпријатието со законите и другите прописи и предлага активности за нивно усогласување.
- Врши подготовка на предлог актите и актите врзани за работата на претпријатието како статут, правилници, деловодници, договори и други општи и поединечни акти (одлуки и решенија).
- Врши подготовка на актите врзани со работата на Управниот и Надзорниот одбор на претпријатието, дава стручни мислења и појаснувања за примена на законите и другите прописи и општи акти.
- Ја следи уставно-судската практика во однос на законите и другите прописи и општи акти на претпријатието и предлага соодветни мерки за усогласување на работењето на претпријатието согласно тие практики.
- Остварува соработка со институции од јавен сектор и други државни и приватни правни лица, заради исполнување на правни обврски на претпријатијето кои произлегуваат од посебни закони.
- Обезбедува застапување на претпријатието во споровите пред надлежните судови и пред други надлежни органи и лица кои вршат јавни овластувања.
- Покренува, води и евидентира судски, управни и други постапки пред надлежни судови, органи и лица кои вршат јавни овластувања.
- Во рамки на одделението, се извршуваат и работите од областа на архивското работење, работите од областа на тековното одржување и одржувањето на хигиената

во деловните простории на претпријатието, како и вршењето на други работи за потребите на директорот и претпријатието во целост.

4.2. Одделение за човечки ресурси

Одделението за човечки ресурси ги врши работите што се однесуваат на управувањето со човечките ресурси во претпријатието, остварувањето на нивните права, обврски и одговорности, како и следењето и примената на законите, подзаконските акти, колективните договори и други прописи што се однесуваат на статусот, правата, обврските и одговорностите што произлегуваат од работниот однос на вработените во претпријатието.
Во таа смисла, во рамки на одделението за извршуваат следните работи и задачи:

- обезбедување на ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во претпријатието;
- проучување и анализа на функциите (дејностите) на претпријатието и врз таа основа изработката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во претпријатието;
- обезбедување на стручно оперативна и логистичка поддршка во спроведувањето на постапките за вработување, унапредување и мобилност на јавните службеници и другите вработени во претпријатието;
- организирање и координирање на процесот на стручно усовршување на вработените во претпријатието, подготвување на годишна програма за обука и следење на реализацијата;
- координирање на системот на оценување на јавните службеници и другите вработени во претпријатието;
- водење на персонална евиденција за вработените во претпријатието и други евиденции пропишани како обврска со законите и другите прописи од областа на трудот;
- пријава и одјава на вработените во надлежните служби;
- подготовка на акти кои произлегуваат од законските и подзаконските обврски кои се однесуваат на вработувањето, престанокот, здравственото, пензиското и инвалидското осигурување на вработените, одмори, отсуства и други права и обврски од работниот однос;
- водење на евиденција за работното време;
- следење, проучување и целосна примена на законските прописи од оваа област.

Секое одделение има свој раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во одделението. Раководителите поднесуваат извештај за своето работење пред раководителот на секторот. Раководителот на секторот одговара директно пред Директорот на претпријатието.

ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп *веќе подолго време работи со МИС – Менаџмент Информационен Систем. Софтверот беше дониран од страна на KfW во 2005 година. Истиот беше успешно имплементиран и се користи во тековното работење.*

Основниот сметководствен софтвер кој го користи ЈКП е развиен од компанијата “Мегасофт” – Битола. Истиот ги опфаќа следните модули во работењето:

1. *Billing system – модул за евиденција на сметки и фактури за вода;*

2. *Тужби – модул за креирање и евиденција на тужби, спогодби и наплата;*
3. *Модул за креирање и евиденција на работни налози;*
4. *Модул за финансиско работење;*
5. *Модул за материјално и магацинско работење;*
6. *Модул за влезни калкулации;*
7. *Модул за пресметка на плата;*
8. *Модул за основни средства;*
9. *Модул за излезни фактури;*
10. *Модул за барања и жалби (работа со корисници).*

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА

ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП



Дефинирање на поимот, основни објекти, категоризација и принципи за одржување на водоводната мрежа



Под **систем за водоснабдување** на населението со секогаш хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки на зафаќање на вода за пиење – извори со каптажи, бунари, зафати од акумулации, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл.).

Водоводната мрежа е составен дел на водоводниот систем. Водоводната мрежа ја сочинува системот на цевоводот за транспорт и дистрибуција на сурова и преработена вода, кои се протегаат од зафатните градби или уредите за пречистување, па се до крајните корисници на вода, заедно со соодветните арматури, објектите и уредите на нив.

Цевоводите се делат на магистрални цевоводи (главни доводи), примарна (дистрибутивна) и секундарна мрежа, терцијарна мрежа (куќни приклучоци). Во согласност со техничките прописи и барања за експлоатација и одржување на цевоводите се вградуваат затворачи, воздушни вентили, редуктори на притисок, хидранти, испусти, мерни уреди и др.

Со цел да се обезбеди редовно и уредно одржување на водоводната мрежа неопходно е да се утврди степенот на приоритет и значењето на одредни објекти во рамките на дадениот систем, а со тоа и видот, начинот и зачестеноста на активностите и нивното одржување.

Основни критериуми за утврдување на категоријата на објектите се:

- Профил на цевоводот;
- Вид на материјалот од кој направен цевоводот;
- Локација на цевоводот (дали е во урбанизиран дел од градот или не);
- Старост на цевоводот;
- Техничка состојба на цевоводот;
- Притисок на цевоводот;
- Значење на потрошувачите кои се приклучени на сопствен цевовод (болници, училишта);

Добро одржување на водоводната мрежа подразбира многу активности на планот на обезбедување на уредна и непрекината испорака на вода и тоа со постојан режим на снабдување (одреден притисок во мрежата и гарантиран квалитет на водата).

Со цел остварување на овие принципи, треба да се настојува следното:

- Цевоводите заедно со соодветните арматури, објекти, уредите и станбените приклучоци постојано да се одржуваат во исправна сосотојба, што може да се оствари по пат на котрола на изведувањето на потребните работи во рамките на редовно и нвестиционо одржување;
- Навремено превземање на сите мерки околу замена на одредени цевоводи или делови од мрежата;
- Редовно испитување и анализа на работата на целокупната водоводна мрежа, заради одржување на оптималниот режим и благовремено да се превземаат неопходните работи заради натамошно подобрување на постојаниот режим;
- Брзо и организирано одстранување на настанатите дефекти;
- Секојдневно испитување на квалитетот на испорачаната вода;
- Планско работење и испитување на причините за губитоците на вода и нивно намалување.

Табела 1: Општи карактеристики на Општината и подрачјето во кое се обезбедува водна услуга

Површина	**1194**,44 км^2
Жители, Општина	69025 (од пописот 2021) од Државен Завод за Статистика
Економска активност	Тутунско производство, производство на мермер, прехрамбена индустрија, текстилна индустрија
Речен слив	Дабничка, Оревоечка и Селечка река

Опис на водоводната мрежа на град Прилеп

Водоснабдувањето во градот се врши од следните изворишта на вода: Регионалниот извор Студенчица, Сопствени извори: 4, сопствени бунарски постројки: 3. Од локални водоводи се снабдуваат 20 населени места, а населени места кои не добиваат вода од ЈКП, односно ги нема превземено се: 37.

Табела 2: Извори на вода

Назив	Апстракција		Испорака
Изворите или зафат од друг систем	во л/с мин/макс		Гравитациски/ Со пумпа
БУНАР БЕРОВЦИ	3	6	пумпа
БУНАР ВЕСЕЛЧАНИ- ЗАГОРАНИ	3	6	пумпа
БУНАР ГАЛИЧАНИ	2	5	пумпа
БУНАР Г. КОЊАРИ	3	6	пумпа
БУНАР ЕРЕКОВЦИ	4	7	пумпа
БУНАР КАДИНО СЕЛО	1	3	пумпа
БУНАР КАНАТЛАРЦИ	2	4	пумпа
ЈП ВОДОВОД БИТОЛА- КЛЕПАЧ	1	2	Гравитација
СТУДЕНЧИЦА	100	300	Гравитација
БУНАР МАЛО КОЊАРИ (Б8 - Кошарка)	6	15	пумпа
МАЖУЧИШТЕ - СТУДЕНЧИЦА	1	3	Гравитација
БУНАР ПОДМОЛ	2	4	пумпа
БУНАР СТАРО ЛАГОВО	1	2	Пумпа
БУНАР ТОПОЛЧАНИ	3	6	Пумпа
БУНАР ЧЕПИГИВО	3	6	Пумпа
БУНАРСКИ ПОДРАЧЈА (ГРАДСКИ)	/	260	Пумпа

ФИЛТЕРНА СТАНИЦА	/	60	Пумпа
ЛЕКОВО	4	6	Гравитација
ИЛОВО	4	6	Гравитација
ДУШНИЦИ 1	4	8	Гравитација
ДУШНИЦИ 2	8	16	Гравитација
ПАШОСКИ ЛИВАДИ 1	4	8	Гравитација
ПАШОСКИ ЛИВАДИ 2	3	16	Гравитација
ПЕШТЕРИЦА	8	12	Гравитација
ВОЛКОВО	1	3	Гравитација
НОВО ЛАГОВО Студенчица	1	2	Гравитација
СЕЛЦЕ - СТУДЕНЧИЦА	3	6	Пумпа
ОРЕВОЕЦ	4	7	Гравитација
Вкупен производен капациет	**179л/с**	**785 л/с**	

Водоводот на град Прилеп започнат е да се гради во далечната 1952 година, а неговата изградба континуирано трае до денес. Во овој момент ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп одржува еден комплексен систем. Зафаќањето на вода и нејзиното внесување во системот се реализира преку четири изворишта:

- **Регионален водовод „Студенчица“ со капацитет до 650 l/s**
- **Градски извори со нивните издашности**

- Лековo 10-20 l/s
- Пештерица 10-20 l/s
- Душници 10-15 l/s
- Пашоски ливади 20-30 l/s

- **Градски бунари**

- Бунарско подрачје Кошарка 60 l/s
- Бунарско подрачје Кишојца - Орушица 110 l/s
- Бунарско построение Бегова ливада 80 – 100 l/s

- **Филтерна станица Варош со капацитет од 60 l/s**

Обезбеденост на водоснабдувањето по време и количина е 90% од РВ „Студенчица“, а 10% од локалните извори во периоди со нормално водоснабдување. Бунарските системи и филтерната станица Варош имаат карактер на интервентни количини на вода во оние години кога издашноста на РВ „Студенчица“ не е доволна за нормално водоснабдување на сите Општини.

Системот работи со три резервоари:

Резервоар Варош со V = 8040 m3 и кота на дно 718 m.n.v., резервоар Топташ со V = 2800 m3 и кота на дно 710 m.n.v. за ниска зона и резервоар Варош со V = 225 m3 и кота на дно 738,4 m.n.v. за висока зона. Располагаме со уште еден резервоар за ниска зона со запремнина од 1300 m3 и кота на прелив 697 m.n.v. Во моментот не се користи. Конзервиран е и е во добра

кондиција. *Во овој резервоар во текот на 2013 година беше изградена препумпна станица што обезбедува врска помеѓу ниската и високата зона на градот, односно ќе се овозможи транспорт на вода од ниска кон висока зона. Со тоа се планира да се обезбеди еднаков притисок и еднакво водоснабдување во сите делови од градот во текот на 24 часа, во секој период од годината.* Во однос на надморската висина на која се наоѓаат објектите, градот е поделен на две висински зони, висока и ниска, а границата меѓу нив е кота 670 m.n.v. Високата зона се состои од две поголеми подзони: Висока зона Варош и висока зона Рид.

Водоводната мрежа која е составена од примарна мрежа, секундарна мрежа и транзитни цевководи има приближна должина од 254,27 km, а на неа е вградена многубројна опрема и арматура. Мрежата е изградена од азбест – цементни, лиено – железни, пластични, полиетиленски и поцинкувани цевки. Инсталираните цевки во водоводната мрежа се од следниот материјал: азбест – цемент 53% и полиетилен 43%, а остатокот отпаѓа на другите материјали. Во однос на дијаметарот располагаме со профили од ⌀ 700 mm до ⌀ 50 mm. Работните притисоци во мрежата се движат од 2,5 до 3 bar за ниска зона, а до 5 bar за висока зона. Корисниците се поврзани на дистрибутивната мрежа со посебни приклучоци. Бројот на куќни приклучоци, приклучоци за индустријата и институции изнесува 25.066 приклучоци.

Табела 3: Преглед на покриеност со услугата

Population development and service coverage		2022	2023
Население во сервисната зона			
Население во општината (во подрачјето на одговорност)	Бр.	69025	63308
Водоснабдување			
Население до кое е доставена вода	Бр.	68447	
Собирање на отпадни води			
Население со канализациски услуги (во подрачјето на одговорност)	Бр.	64510	
Прочистување на отпадна вода			
Население за кое е овозможен третман на отпадни води (во подрачјето на одговорност)	Бр.	63308	

Забелешка: Податоците за населението се пресметани врз база на пописот од 2021год и оценката од Завод за статистика

Според прогнозираните потреби за услугите кои се одраз на побарувачката за приклучување на нови населени места од Општината во водоснабдителниот систем со нивно одржување, и дистрибуирање на квалитетна питка вода според сите стандарди за здравствено исправна вода. ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп се стреми и во иднина да ја проширува водоводната и канализационата мрежа во градот и во населените места.

Прогноза на потребата и побарувачката на услугите е дадена во тебелите подолу.

Табела 4: Проекции на населението

Населени места во општината	Попис 2021	Историски		Проценка	Проекција		
		2021	2022	2023	2024	2025	2026
Градови	63308	63308	63308	63.565	63.554	63.575	63.584
Населби и села	5717	5717	5717	5.310	5.150	5.443	5.443
Вкупно	**69025**	**69025**	**69025**	**68875**	**68704**	**69018**	**69027**

Табела 4-1: Прогноза на побарувачката за водоснабдување

Категории на корисници		Историски		Проценка	Проекција		
		2021	2022	2023	2024	2025	2026
Домаќинства	Приклучено население	68447	68447	68447	68447	68447	73.909
	Процент на приклученост	99%	99%	99%	99%	99%	99%
	Потрошувачка, л/лице/ден	106	106	106	106	106	109
	Потрошувачка на вода, м3	**2659787**	**2659787**	**2659787**	**2659787**	**2659787**	**2936831**
Правни лица	Потрошувачка, л/прикл./ден	609	609	609	609	609	817
	Потрошувачка на вода, м3	**454731**	**454731**	**454731**	**454731**	**454731**	**591.927**
Вкупно		**3114518**	**3114518**	**3114518**	**3114518**	**3114518**	**3528758**

Табела 4-2: Прогноза на побарувачката за собирање на отпадни води

Категории на корисници		Историски		Проценка	Проекција		
		2021	2022	2023	2024	2025	2026
Домаќинства	Приклучено население	64510	64510	64510	64510	64510	69.544
	Процент на приклученост	93%	93%	93%	93%	93%	93%
	Проток, л/лице/ден	104	106	106	106	106	109
	Фактурирана вода, м3	**2442776**	**2506799**	**2056799**	**2506799**	**2506799**	**2763768**
Правни лица	Проток, л/прикл./ден	554	609	609	609	609	817
	Фактурирана вода, м3	**414045**	**454731**	**454731**	**454731**	**454731**	**591927**
Вкупно		**2856821**	**2961530**	**2961530**	**2961530**	**2961530**	**2961530**

Табела 5: Вкупно производство на вода во ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп

Производство и снабдување		2022	2023
Волумен на вода од сопствено прозводство	m3/год.	788.400	932.095
Волумен на набавена сирова вода	m3/год.	6.382.618	6.131.568
Волумен на произведена вода	**m3/год.**	**7.171.018**	**7.063.663**

Филтрирањето се врши со филтри под притисок.

Водоснабдувањето на Општина Прилеп се врши гравитационо во градот, со пумпи по населените места, но кога издашноста на изворот Студенчица е намален, тогаш се користи комбинација на извори и бунари. Мрежата има вкупна должина од **254,27 km** (вклучувајќи ги и главните доводни цевководи – 26,416 km плус довод од бунарски подрачја 17 км).

Табела 6: Дистрибутивна мрежа – според материјалот на цевките

Материјал	Должина (м)	%
Поцинкувани, Дактилно железо	1828	1,08
Азбест цемент	89756	53,15
Полиетилен (HDPE, MDPE)	71606	42,40
Поливинилхлорид (PVC)	5684	3,37
Вкупно		**100.0%**

Дсистрибутивната мрежа според материјалот на цевките во табелата 6 е за градот Прилеп. Градот е зониран на ниска и висока зона, од кои 6 се ниски зони и 9 високи зони. Резервоарите се следните: Варош голем резервоар со капацитет од 8000м3, Варош мал резервоар со капацитет од 225м3, Варош стар со капацитет од 1100м3 и Топташ со капацитет од 2690м3.

Табела 7: Зони на притисок и капацитет

Резервоар-вкупно	Зони на притисок	Капацитет	Забелешка
1	Среден	3,5 бари	Среден притисок на работа на зоните во Прилеп
2	Максимален	5,5 бари	Максимален притисок на работа на зоните во Прилеп

Покриеноста на корисниците со водомери е 98%. Калибрацијата на водомерите се извршува согласно стандардите што ги бара Бирото за Метрологија на РМ во овластена баждарница која е во сопственост на ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп.

Табела 8: Проценка за неприходувана вода

Неприходувана вода		2022	2023
Производство на вода	m3/год.	7.171.018	7.063.663
Вода која носи приходи	m3/год.	3.114.518	3.037.800
Неприходована вода	**m3/год.**	**4.056.500**	**4.025.863**
Неприходована вода	**%**	**56%**	**56%**

Главни причини за неприходованата вода се:

- Не совесното однесување на дел од корисниците кон водоводна мрежа како и долго годишниот проблем со урбаната заедница Тризла, каде што популацијата е 70% од Ромска популација и свеста за рационално користење на водата е на многу ниско ниво, каде што 30% од неприходованата вода е токму во таа УЗ,
- Појавата на зголемен број на дефекти како резултат на стар водоводен систем,
- Некоректна и неодобрена потрошувачка од страна на корисниците- нелегални приклучоци и кражба на вода.

ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОД И ОДРЖУВАЊЕ

Одржувањето на водоводната мрежа подразбира систематски преглед на дистрибутивната мрежа кој вклучува: периодична контрола на мрежата, контрола на затварачи на сите профили, контрола на пожарни хидранти, контрола на воздушни вентили, контрола на арматури во шахти на мрежата и контрола на приклучоци. Покрај систематскиот преглед се врши и редовно одржување на дистрибутивната мрежа кое подразбира: одржување на водомерни шахти, на приклучни цевки, на воздушни вентили, испусти и пожарни хидранти, санирање на дефекти на цевководи, систематско мерење на притисокот, генерално промивање на мрежата, поврзувања и реконструкции за потребите на граѓаните и стопанството и сл.

Активности на одделението за одржување и изградба на водоводен систем:

- Систематски преглед на мрежата и редовно и тековно одржување на водоводната мрежа и обезбедување на градот Прилеп со квалитетна вода за пиење;
- издавање хидротехнички услови (со кои се дефинираат услови за приклучување на водоводната мрежа на град Прилеп, по поднесено барање);
- издавање решенија за нов водоводен приклучок и разни писма, дописи и одговори на барања;
- увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- Изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените услуги при реализација на приклучоците;
- приклучување на правни и индивидуални објекти на водоводна мрежа во фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на приклучок;
- отстранување дефекти на дистрибутивната мрежа и сл.

РАБОТНИ ОБВРСКИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА

1. Редовно одржување ги подразбираме сите работи на систематскиот преглед и на помали поправки на водоводната мрежа и на уредите на неа, при што не доаѓа до подолг прекин на водоснабдувањето. Цел е навреме да се отстранат сите согледани недостатоци, да се спречат поголеми дефекти и мрежата да се орджува во функционална и техички исправна состојба.

Во редовно одржување спаѓаат следните работи:

- Систематски преглед на водоводната мрежа
- Поправка на пукнатини на sидовите
- Поправка на дефекти на спојките
- Заптивање (брвење) и замена на одредени делови на затворачи и хидранти
- Замена на цесни капи, хидрантски капи, вградени гарнитури
- Поправка на станбените приклучоци
- Поправка на јавните чешми
- Испирање на мрежата
- Чистење на арматурата од корозија и заштита со боење

Во систематски преглед на мрежата спаѓаат следните активности:

- Визуелен преглед на трасата на мрежата
- Контрола на исправност на затворачите и хидрантите
- Контрола на исправност на шахтите и уредите вон нив
- Контрола на исправност на воздушните вентили
- Проверка на редуцир вентилите
- Проверка на станбените приклучоци и арматурите во водомерните шахти

Вкупно време потребно за поправка на дефект

Т = Вк. Деф.* t (часови)

И покрај целосната имплементација на Проектот за реконструкција на водоводната мрежа, останува голем дел од мрежата која е во релативно лоша состојба (станува збор за стари азбестцементни цевки - АЦЦ, а посебен проблем претставуваат поцинкуваните цевки за кои не поседуваме техничка документација). Состојбата со водоснабдувањето во деловите од градот каде што се изврши реконструкција на мрежата е драстично подобрена, останаа проблемите во областите каде не е извршена реконструкција. Наша цел е да продолжиме со реконструкција на водоводната мрежа, за постепено намалување на процентот на стара водоводна мрежа.



Реконструкција на водоводна мрежа

Во 2025 год. ЈКП „Водовод и канализација“ планира да инвестира во завршување на започнатите активности, и изградба односно реконструкција на постоечките објекти.

- Во сопствена режија ЈКП„Водовод и Канализација“ – Прилеп планира активностите да ги изведува со сопствената механизација и постоечките расположиви капацитети како и со набавка на нова механизација и алати за таа намена.
- За пообемни и посложени зафати како реконструкција на поголеми делници се планира да се ангажираат претпријатија кои реконструкцијата ќе ја извршат по налог и во соработка со ЈКП„Водовод и Канализација“ -Прилеп.

Испирање на водоводната мрежа се спроведува 2 пати во годината (на пролет и на есен).

Одделението располага со следната опрема: МЕХАНИЗАЦИЈА И ОПРЕМА

- Ровокопач - товарач JCB- 4 1 парче
- Агрегат 7 kw 1 парче
- Агрегат 4 kw 1 парче
- Потопна пумпа за црпење на вода 5 парчина
- Пумпи за црпење на вода (обични) 3 парчина
- Опрема за варење на PE цевки за големи профили 2 парчина
  До D=ф63-ф160 и D=ф90-ф300
- Жаба за набивање на подлогата 4 парчина
- Вибро плоча 1 парче
- Машина за сечење на асфалт 2 парчина
- Мини ровокопач BOBCAT 1 парче

ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

- Лесно теретно возило Iveko 1
- Лесно возило (патничко) 4
- Полу – теретно возило (пикап) 2

Напоменуваме дека наведената механизација и опрема ја користат трите одделенија во ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп.

Инвестиционен план за одделение за водовод и одржување

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мерка	Количина	Износ		Опис
1.1.5.1	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден	2.000.000,00	Товарно возило со хидраулична дигалка до 1т и кипер -Среден ровокопач / утоварач самооден (~ JCB CX2)
	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден	900.000,00	Полутоварно возило за потребите на Одржување
	2024	Водоснабдување на населени места	парче	2	ден	1.000.000,00	Осовременување со поставување на пумпни постројки со фрекфентна регулација, со соодветна

							електроника (зголемена енергетска ефикасност) во н.м. Беровци, Големо Коњари и Старо Лагово.
	2024	Водоснабдување - градски бунари	парче	5	ден	3.000.000,00	Осовременување со поставување на пумпни постројки со фрекфентна регулација- бунарски постројки Кишовица - Орушица - било кои 5 бунари
1.2.2.2	2024	Примарна Мрежа (Рехаб.)	метар	2000	ден	10.000.000,00	.Ул. Кузман Јосифоски Питу, Ф300, потег од ул. Егејска до Бул Гоце Делчев . Бул Гоце Делчев,Ф300 потег од Ул. Кузман Јосифоски Питу до ул. Димо Наредникот.
1.2.2.3	2024	Секундарна мрежа (Рехаб.)	метри	7500	ден	8.000.000,00	Улици: Кузман Јосфиоски Питу, Богомилска – приклучоци,Сремски Фронт – приклучоци,Велешка – приклучоци, Спасе Темелкоски, Марксова АЦЦ ДН 80, Борка Лопач, Мире Цилкоски, Стеве Забрчанец, Гога Димитриоски, Стеван Димески Ништакот, Орде Тутески , Борка Левата, Илија Василески, Цане Илиоски, Крушевска- 2 фаза, Јоска Јорданоски – мало, Киро Пајмакоски, Стеван Апостолоски, Адем Адемоски , Енгелсова, Трајко Николоски - 2 фаза, Браќа Шемкоски, Круме Кепески - главна, Братство Единство, Београдска - главна, Ѓорѓи Сугаре, Пенко Здравкоски, Боца Иваноска, Петар Ацев, Ѓорѓи Димитров - дел,Браќа Талески, Охридска, Тоде Крстески, Мирче Ацев - потег од Трајко Тарцан до А. Македонски, Осоговска, Бистра Планина, Карпошово Востаниеи др.
1.2.1.4	2023	Преносен вод. цевковод (Рехаб.)	метри	3500	ден	61.000.000,00	Реконструкција на цевковод од Каптажа Леково до собирна комора на Град Прилеп -зголемување на доток од мин.10л/с
				вкупно	ден	85.900.000,00	

Изработил:
Рак.одд. за водовод и одржување
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Ѓоко Јочкоски

ОДДЕЛЕНИЕ САНИТАРНА КОНТРОЛА И ТРЕТМАН НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Прилеп, односно Одделението за санитарна контрола и третман на вода за пиење има обврска според законската регулатива да го контролира квалитетот и капацитетот на водните ресурси што ги користи за водоснабдување на населението на град Прилеп и околните рурални места.

Одделението Санитарна контрола и третман на вода за пиење е задолжено за контрола на санитарната исправност на водата за пиење, како и за дезинфекција/хлорирање на истата која доаѓа од:

-Старите Градски Извори, чија дезинфекција со гасен хлор се врши на објектот Собирна Шахта, сместена под Вештачкото Езеро Прилеп;

-Градските Бунарски постројки (три на број), каде соодвено има изградено посебни хлорни станици,

-како и водата за пиење што доаѓа од РВ Студенчица, а чија дезинфекција со гасен хлор се врши на Хлорна Станица/Песјо Брдце. Стручните служби од ова одделение во својата лабораторија секојдневно вршат испитување и контрола на квалитетот на водата за пиење од мостри кои се земени од 7 различни локации (т.н.мерни места) во градот.

Постоењето и работата на лабораторијата го обврзуваат според законските и подзаконските акти секое правно лице кое се занимава со производство на храна (каде што припаѓа и водата). Според Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.Весник на РМ бр.183/18) мора да постои систем за самоконтрола и внатрешна контрола на системот со кој работи.

Како и во 2024 година така и следната година одделението за санитарна контрола планира да вложи во човечки и финансиски ресурси за постојана одржливост и унапредување на имплементацијата и стандардите преку обуки на персоналот, вложување во опрема, со цел осовременување на методологијата за работење согласно актуелните трендови , како и можност за проширување во нова микробиолошка лабораторија.

Годината што поминува (2024) се соочивме со прекумерна суша и недостаток на врнежи од дожд и снег. Сето тоа се одрази во процесот на нормално водоснабдувањето од најголемиот снабдител за Прилеп, односно вода од РВ Студенчица, па бевме принудени да ги користиме алтернативните водоснабдителни извори, т.е. водата од Бунарските постројки: „Орушица-Кишовица“, „Кошарка“ и „Бегова ливада“, што се наоѓаат во околината на Прилеп. Различните органолептички карактеристики на бунарската вода и изворската вода од РВ Студенчица покажаа дека корисниците не го почуствуваа вистинскиот проблем со којшто се

соочивме и многу несоодветно реагираа на новонастанатат состојба, не оставајќи ни простор професионално да си ја сработиме работата.

Како ЈКП следната година поревносно треба да работиме на осовременување на функционирањето на работата на бунарите и користење на понови технологии за подобрување на квалитетот и здравствената исправност на водата за пиење. Исто така треба да се мониторира и целата цевководна бунарска мрежа, потоа пумпите, хидроделовите, снабдувањето со електрична енергија и целата електро мрежа и сè што влегува од опрема во бунарскиот систем.Проширувањето и развивањето на збирот на вештини потребни за професионално работење и нова опрема е со цел да се постигнат подобар квалитет на водата за пиење.

Следната година повеќе ќе обрнеме внимание на осовременување на програмите за земање на примероци, техники за земање на примероци и правилно ракување со нив до моментот на носење до лабораторија. Безбедниот транспорт и заштитата на примероците од контаминација, како и механички незгоди се клучни работи за точни резултати.

Покрај дезинфекцијата на градската водоводна мрежа, одделението Санитарна контрола и третман на вода за пиење одржува и селски водоводи преку систем за хлорирање со течен натриумхипохлорит и тоа:

- Населените места: Селце, Ново Лагово и Мажучишта се поврзани на РВ Студенчица. Поради тоа што водата од РВ Студенчица гасно се хлорира при влезот во градот кај Хлорна станица-Песјо Брдце, овие села добиваат хлорирана, високо квалитетна и безбедна вода за пиење (освен што н.м. Мажучиште е пред системот за дезинфекција на Хлорна Станица, хлорирањето се врши во посебна хлорна станица со течен натриумхипохлорит).
- Водата во водоводите во населените места Тополчани, Беровци, Кадино Село, Галичани, Мало Коњари, Големо Коњари, Канатларци, Чепигово, Тројкрсти, Загорани, Веселчани, Подмол, Клепач, Ерековци и Ореовоец кои се во надлежност на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, се хлорира во соодветно изградени објекти на хлорни станици, со тоа што и тие села добиваат квалитетна и безбедна вода за пиење.

Според фрекфенцијата дневниот мониторинг на водите од 7 мерни места , секој ден е проширен со уште неколку анализи од руралните места и тековни проблеми што излегуваат ад хок на улични дефекти.

Одделението Санитарна контрола при ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп во секое време работи со инциденти, кои постојано се случуваат во нашата работа, како што е: проверка на електропроводливоста и количината на резидуалниот хлор од мостри на вода што ни ги доставува Одделението за одржување на водоводна мрежа од тековни или инцидентни

дефекти, за да се провери дали дали на тоа место течи вода од нашиот систем или е од некој друг (пр.од Хидросистем или некој недефиниран бунар).

Делуваме и при пуштање на испусти на места каде што има технички можности при заматување на водата за пиење и други работни обврски кои ги налагаат секојдневните работни активности.

Испирањето и одржувањето на мрежата е дел од активностите што редовно ги правиме, потоа чистењето на резервоарите, како градски така и селски, одржување на нормалната работа на хлорните станици во руралните средини и мониторинг врз нив.

Двапати годишно, според законската рамка, го вршиме Периодичниот преглед на водата за пиење во ЈЗУ Институт за јавно здравје во Скопје, каде што после испитаното тестирање резултатите треба да покажат дека испитувани параметри се во границите на дозволените концентрации и во потполност се задоволени сите барање, согласно *Правилникот за барање за безбедност и квалитет на водата за пиење, (Сл.Весник на РМ бр.183/2018).*

Определувањето на квалитет на води кои можат да се користат како резервен/алтернативен извор за вода за пиење е повеќе од потребно во овие периоди на суши и затоа мислиме дека треба повеќе да се даде акцент на спроведување континуирани испитувања и барање на нови. Сериозноста во истражувањата треба да биде уште поголема со оглед на тоа дека предвидувањата за користењето на количините на вода од РВ Студенчица е поминато пред неколку години.

Одделението Санитарна контрола и третман на вода ги одржува и ги чисти фонтаните во градот: Фонтаната пред Центарот за Култура „Марко Цепенков“, потоа пред Комерцијална Банка, пред Стопанска Банка и Фонтана Карпалак . Оваа операција подразбира чистење, поправање на оштетени делови и ставање на алгицид. За нормална работа и естетски изглед треба да се предвидат одредени финансиски средства.

Исто така ова одделение се грижи и за дезинсекција, дезинфекција и дератизација на ЈКП и оваа активност се врши во текот на целата година во сите водоводни објекти: резервоари, хлорни станици, Управна зграда и објекти
на селски водоводи (најчесто бунари), со поставување на мамечки кутии и означување на истите.

Работата со храна (вода) и воведување на системот за самоконтрола, врз основа на имплементацијата на HACCP системот во ЈКП бара и добра производствена практика.

Во контекст со задачите што ги има и ги извршува ова одделение и со објектите со кои и во кои ги врши зададените задолженија, произлегуваат и инвестициите на кои би го насочиле своето внимание.

- Рехабилитација на каптажа на Извори и објектот „Собирна шахта-Извори“ кај Вештачкото Езеро. Ова подразбира санирање на недостатоците на каптажите кај Изворите кај Вештачкото Езеро, и тоа: Лековo, Душници и Пештерица;

- Реконструкција на објектот кај „Собирна шахта-Извори“, каде што се наоѓа стражарската служба, како и изградба на санитарен чвор;

- Промена на искршените столбчиња и мрежа на оградната заштита на заштитната зона;

- Дефинирање на просторот на потесните заштитните зони и обележување на истите на места каде што таблите за означување се оштетени;

- Рехабилитација на Резервоарот во склоп на објектот;

- Партерно уредување на дворот од објектот;

- Резервоар Варош

- Санирање на тесната заштитна зона околу Резервоарот, со промена на оградната заштита

- Хлорна станица „Песјо Брдце“

- Санирање на тесната заштитна зона околу објектот;

- Партерно уредување на дворот на објектот

- Модернизирање на опремата за гасно хлорирање

- Бунарски постројенија – „Кишовица-Орушица“, „Кошарка“ и „Бегова ливада“

- Санирање на оштетените делови од оградната заштита околу објектите;

- Оградување и означување на тесната заштитна зона околу секој бунар и санирање на оштетените делови од оградната заштита;

- Изградба на санитарен чвор на секој објект поодделно;

- Модернизирање на командните табли за бунарите;

- Истражувачки работи за копање на нови бунари, како додатен извор за водоснабдување

- Санирање на тесните заштитни зони околу објектите и бунарите во руралните средини, како и санација на неколку од објектите во истите;

- Рехабилитација на селските резервоари;

- Оградување и означување со табли на ресните заштитни зони околу селските резервоари;

- Решавање на имотно-правните односи со патиштата до објектите и резервоарите во населените места;

Инвестиционен план за одделение за Санитарна контрола и третман на вода за пиење

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
1	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди	парче	1	ден 1.500.000,00	Полутоварно возило за потребите на одделение Санитарна контрола за транспорт на натриум хиперхлорид по селски водоводи
	2024	Водоснабдување	парче	1	ден 1.000.000,00	надградување и осовременување на опремата за хлорирање
2	2024	Каптажи на извори и зафати (Рехаб.)	парче	1	ден 2.000.000,00	Каптажа извор Лековo, каптажа извор Пештерица, каптажа извор Пашоски Ливади, каптажи извор Душници, Собирна шахта Извори,Хлорна Станица „Песјо Брдце“ изградба на гаража, Собирна бунари објект, објект Стар Варошки Резрвоар
4	2024	Резервоари за складирање	парче	6	ден 1.200.000,00	Резервоари во: н.с. Чепигово, н.с Загорани, н.с Подмол, н.с Канатларци, н.с Ерековци, н.с Галичани
9	2024	Водоснабдување	парче	1	ден 1.000.000,00	Изградба на магацин за опрема за хлорирање
		ВКУПНО			ден 6.700.000,00	

Изработил:
Рак.одд. за Санитарна контрола и
третман на вода за пиење
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Маргарита П. Камческа

ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ОДДЕЛЕНИЕ „ВОДОМЕРНА РАБОТИЛНИЦА“

Во состав на СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, работи и одделението „Водомерна работилница“.

Задачи на одделението се:

- поправка, испитување и контрола на мерните инструменти - водомери;
- замена на постоечки мерни инструменти;
- редовна и периодична верификација на мерните инструменти;
- одржување на мерните инструменти на правни и физички корисници;
- промена на водомери и исклучување на корисници, интервенира по нивно писмено барање,
- врши промена на вентили и отклонување на дефекти во водомерни шахти;
- врши исклучување и приклучување на сите должници од кои на друг начин не можат да се наплатат побарувањата;
- врши реконструкција на куќни приклучоци и преместување на водомери.
- за сите интервенции се изготвуваат неделни и месечни извештаи.



Верифицирани мерни инструменти

Видови на активности во Водомерна работилница:

- Демонтажа на водомери од 1/2” до о 150 mm,
- Монтажа на водомери од 1/2” до о 150 mm,
- Поправка на водомери од 1/2” до 6/4”,
- Редовно баждарење на водомери од 1/2” до 6/4”,
- Замена на вентили пред водомер,
- Преправки на инсталациите во водомерните шахти.

Во дистрибутивниот систем на град Прилеп има околу 25000 водомери од сите видови на профили. Според важечките технички прописи должни сме на секои 4 години да извршиме редовно баждарење на секој водомер. Тоа значи дека секоја година треба да се изврши демонтажа, баждарење и монтажа на 6200 водомери.

Покрај редовното баждарење на водомерите се демонтираат и монтираат водомери поради разни дефекти, пукнати стакла, стопени механизми и сл. Покрај оваа работа должни сме да ги одржуваме и сите големи (индустриски) водомери од Ф 50 до Ф 150 mm по претпријатијата. Исто така, во текот на годината се менуваат вентили пред водомери од сите

видови на профили и се одржуваат водоводните арматури во водомерните шахти. Водомерната работилница врши услуги и за надворешни правни и физички лица.

Одделението Водомерна работилница во 2024 година има извршено преку 2000 интервенции во кои спаѓаат промена на вентили, водомери и други поправки кои се однесуваат на водоводната линија пред водомер и во водомерните шахти. Водомерна работилница во 2024 година ги одржуваше и мерачите на бунари по селата како и јавните чешми и фонтани низ градот и дел од селата.

Од предвидените инвестиции за 2024 година ништо не беше реализирано, па затоа се' се префрла во планирани инвестиции за 2025 година. Во инвестиции за 2025 година од одделението Водомерна Работилница предвидено е 300.000 денари за надоградба и сервисирање на уредот за верификација на водомери, предвидена е и набавка на нови 500 хоризонтални водомери со дијаметар од ½", волтманови водомери со пречник од Ф80 до Ф250 кои би се користеле како зонски мерачи, 6 комбинирани индустриски водомери со пречник Ф50, Ф80 и Ф100 потребни во тековната работа, како и набавка на две полутоварни возила (поголемо и помало) за потребите на ова одделение. Од Водомерна работилница вкупно планирани се околу 4.300.000 денари за инвестиции за 2025 година.

Инвестиционен план за одделение за Водомерна работилница за 2025 година

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
1.1.5.1	2025	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден 800.000,00	Полутоварно возило
1.1.5.2	2025	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден 600.000,00	Полутоварно возило
1.2.4.2	2025	Останата опрема, за мониторинг и управување (Рехаб.)	парче	1	ден 300.000,00	Надоградба и сервисирање на машина за баждарење на водомери
1.1.2.6	2025	Мерачи на проток (Нови)	парче	5	ден 300.000,00	Зонски мерачи од Ф80 до Ф250
1.1.2.7	2025	Куќни водомери (Нови)	парче	500	ден 1.750.000,00	Нови водомери 1/2"
1.1.2.8	2025	Индустриски водомери (Нови)	парче	6	ден 550.000,00	Комбинирани водомери Ф50,Ф80 и Ф100
		ВКУПНО			**ден 4.300.000,00**	

Изработил:
Рак.одд. за Водомерна работилница
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Борче Шабаноски

ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА „ПОДГОТОВКА, ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ“

Во рамките на СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ во претпријатието работи одделение за Подготовка, Инвестиции и Развој. Главната задача на одделението е работа на проекти, водење на подземен катастар, премер и изработка на скици. Во одделението се даваат податоци за подземна водоводна и канализациона инфраструктура за дозволи за прокоп и одговори на мислења и хидротехнички податоци на платформите www.gradezna-dozvola.mk и www.e-urbanizam.mk .



е- Платформа www.gradezna-dozvola.mk

Видови на активности во доменот на оддлението за Подготовка, инвестиции и развој:

- водење катастар за постоечката и новоизведената хидротехничка инфраструктура (водоводна, фекална и атмосферска мрежа);
- вршење геодетски снимања-мерења на хидротехничката инфраструктура што се изведува и геодетски надзор за објекти за кои инвеститор е ЈКП и надворешни инвеститори;
- издавање потврди (согласности) за постоечка, предвидена и проектирана подземна хидротехничката инфраструктура (водоводна, фекална и атмосферска мрежа) со нејзини технички карактеристики;
- изготвување и прибирање на потребна документација за добивање на дозволи за изградба на објекти на дејности што се обавуваат во ЈКП;
- обезбедува потребната документација за изведба на приклучоци за објекти на постечката хидротехничка инфраструктура и сл;
- Активностите во проекти кои се однесуваат на ЈКП ВИК Прилеп.
- Имплементација на водомери со радиско отчитување и нивно одржување
- Управување и одржување на SCADA систем

- Издавање на мислења преку Е- Дозволи и Е-Урбанизам
- Детектирање на подземни инсталации со гео скенер
- Лоцирање на водоводни линии со локатор и тракер на цевки
- Детектирање на дефекти со камера за отпадни води
- Детектирање на истекување со помош на корелатор
- Детектирање на истекување со помош на геофон

Инвестициони Активност

Работа на проекти

ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп од 22-06-2017 до 30.10.2020 година работеше на проектот „Watenergy“ (Urban water full cycle: from its source to its end-users and back to the environment)- од Interreg Balkan-Mediterranean. Со одлука 04-292/1 од 27-11-2017 година е формиран проект тим кој максимално се посвети на тоа проектот да се заврши со успех. Буџетот е вредност од 165.000,00 евра грант, од кој 129.700,00 евра се наменети за набавка на ГИС систем и опрема за детектирање на дефекти. Целта на проектот е развивање на заеднички методолошки пристап кон ефикасно и транснационално управување со водите и енергијата. Нашиот пристап е синергија на 3 земји-членки на ЕУ и 2 ИПА, поради заедничкото управување со речните сливови, стратегијата за спроведување на Светската здравствена федерација како и ранливоста на климатските промени, промовирајќи холистички пристап, подигање на бројни заеднички технички предизвици. Средствата се финансирани со 15% од Министерството за Локална Самоуправа и 85% од ЕУ. Поради донесувањето на одлуката за стечај на Еуростандард банка АД, побарувања во износ од 935.478,00 ден и побарувања во износ од 66.894,97 евра кои беа префрлени од страна на ЕУ на сметката на проектот се во стечајна маса. Во текот на 2023 год. дел од тие средства беа рефундирани во износ од 2.011.486,00 ден.

Во рамките на овој проект набавена е следнава опрема:

- Корелаторот Correlux C-3
- Локаторот и тракетор vScan
- 2 -Локатори за феромагнетски материјали VM-880
- Географски информационен систем (ГИС)
- Логер со повеќе канали (GSM/GPRS) seba D-3
- Камера за отпадна вода VCam-6 HD

Во 2023 година се обезбедија средства за проектот Реконструкција на стари градски извори – Лековски Извори со кој беше аплицирано во програмата за распределба на средства согласно финансискиот договор за проект “Подобрување на водната инфраструктура на општините во РСМ“ (Сл. Весник на РСМ бр.166 од 04.018.2023 год.) Истите се добиени во висина од 1.046.0243,00 евра.

Во текот на 2023 год. е комплетирана и испратена целосната техничка документација и исто така се изработи и проектната апликација за истата. Во наредната 2024 година се очекува да започне изведбата на овај проект.

Во 2023 година Градоначалникот на Општина Прилеп го потпиша договорот за изградба на таложник на колекторски систем во ПСОВ Прилеп во склоп на Програмата за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа, кој ќе биде кофинансиран од страна на Општина Прилеп.
Вредноста на овој проект е 8.250.147 денари за кој ЈКП„Водоводовод и канализација“- Прилеп обезбеди средства преку Програмата за рамномерен регионален развој и Општина Прилеп во 2022 година. Во 2024 ќе започне изведбата на овај многу значаен проект за работата ПСОВ Прилеп.
Во 2023 година се изработи и комплетна техничка документација за Проект за зацевување на атмосферски канал на улица Александар Македонски - Општина Прилеп се издаде одобрение за градба и исто така се обезбедија средства преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година и кофинансирање од Општина Прилеп. Овој проект е со вредност од 10.000.000 денари. Изведбата ќе започне во 2024 година.

Во склоп на оддлението за Подготовка, инвестиции и развој обезбедени се следниве проекти:

- Проект за Фотонапонска електроцентрала која се поставува на објекти (Објекти 1, 2, 5, 13, 14, 22, 23, 25, 26, 27 и 39) (проектирана номинална моќност од 645,15 kWp).

-Проект за Водоснабдување на населено место Лениште во кој се плнирани околу 80 приклучоци.

-Проект за интеграција на дистрибуирани локации од водоснабдителен систем на град Прилеп во постоечки SCADA систем и интеграција со ГИС систем

Во 2024 година ЈКП„Водоводовод и канализација“- Прилеп има подготвена целосна документација за аплицирање во програмите од Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање за добивање на средства за реализација на следниве проекти:
- Проектот за делница од прстенаста водоводна мрежа од чвор на ул.„Град Јајце“ до чвор на ул„Цане Кузманоски“-Прилеп
- Проект за промена на водоводна мрежа од јазол на Бул. “Гоце Делчев” со улица “Кузман Јосифоски” (бр.1-55) до јазол на улица “Кузман Јосифоски” со ул. “Ленин” (бр. 1-72)
- Проект за замена и инсталација на куќни водомери и нивна интеграција во систем за далечинско отчитување во системот за водоснабдување на Општина Прилеп

За потребите за аплицирање за ЕУ проекти и програми од други инвеститори во 2024 планирани се 3.000.000,00 ден. за изработка на инвестиционо техничка документација (проекти ,резвизии,елаборати и итн.).

SCADA систем

ЈКП Водовод и канализација Прилеп во 2023 инвестираше со сопствени средства во враќање во функција на SCADA системот, истиот првично беше инсталиран во рамките на Проектот за Водоснабдување Прилеп во 2009 година.
Од 2017 година имавме проблеми со SCADA системот поради негова застареност и забрзаното напредување на техниката, застарената технологија која ја користеше системот

веќе не бевме во можност заменуваме поради застарените делови кои ги користеше системот и истите повеќе не се произведуваа, но исто така и голема беше потребата за надградување на совтверот кој го користеше овој систем поради потребата за споделување на информациите онлајн. Поради овие причини планирано уште од 2019 година во годишната програма е надградба на овој систем и враќање во употреба. Инвестицијата за надградба на SCADA системот е со вредност од 7.000.000 ден.



СКАДА СИСТЕМ


Со новиот SCADA систем добиваме навремени и точни податоци за работата и функционирањето на водоснабдувањето на градот, како и активни податоци за загубите на вода во одредени делови на Општина Прилеп. SCADA (Supervisory Control and Data Acquisition) е систем за мониторинг кој овозможува автоматско следење и управување на целиот водоводен систем, лоцирање на дефектите и нивно брзо отстранување односно автоматска регулација и управување.

ЈКП Водовод и канализација Прилеп со овој систем обезбеди:

- Управување и регулација на пумните постројенија
- Заштита на пумпи
- Мерење на проток на вода
- Мерење на ниво на вода во резервоар
- Мерење на притисокот
- Мерење на различните параметри за квалитет на вода
- Автоматизација на пумните станици
- Автоматизација на резервоарите
- Мерење и детекција на губитоците
- Мерење и пратење на потрошувачката
- Далечинско управување и надзор

Со SCADA системот се регулираат сите објекти преку кои се врши водоснабдување, со истиот се контролира нивото на вода, протокот на вода, ниво на хлор, влезот и излезот на водата, се врши контрола на пумпите и сл. Системот дава одлични извешати за целокупната состојба на објектите и водата во нив. Самиот систем е дефиниран да има потреба од континуирана надградба на иститот. Раководниот тим на ЈКП Водовод и канализација Прилеп гледаќи ги бенефитите на овај унапреден и софистициран систем во 2023 година обезбеди и целосна техничка документација со која е планирано интегрирање на нови шест локации на SCADA системот и следеќи ја националната агедна за дигитализација на јавните претпријатија во овој проект е опфатен и модул во кој мапираните водоснабдителните објекти ќе бидат прикажани што ќе придонесе за по прегледна контрола и подобри хидраулички пресметки. Исто така се планира и поставување на регулатори за притисок на зонските мерачи со што ќе се изврши намалување на притисокот во мрежата во одредени зони кое што директно влијае на намалување на загубите и поврзување на истите на SCADA систем.

Преку SCADA системот добиваме ивештаи кои ја олесуваат секојденевната работа и навремено не известуваат за настанатите промени во водоснабдувањето на градот. Во 2024 во скоп на одделението предвидени се 3.000.000 ден. за интегрирање на нови локации во овај систем.



ТРЕНД ПРОТОК - СКАДА СИСТЕМ

Водомери со далечинско отчитување

ЈКП„Водовод и канализација“ – Прилеп со воведување на водомерите за длечинско отчитување значително го олесни процесот на читање на водомерите, особено на оние кои се наоѓаат на непристапни места, го намалува времето на читање и ги јавува дефектите на мрежата во домовите на граѓаните за да се спречи непотребно истекување на вода. Системот за далечинско отчитување на водомерите е наменет за прием, обработка и пренос на имплусите од водомерите со помош на радио сигнали.

ЈКП„Водовод и канализација“ – Прилеп во 2023 изврши промена на 448 радио модули се со цел непречено отчитување на овој тип на водомери . Во овој момент се работи со далечинско отчитување од типот на ИНСА кој се состои од водомер со припрема за далечинско отчитување и вграден ADO868 адаптер за далечинско отчитување. Индуктивниот сензор ги прати вртењата на металните плочки на литарската стрелка, процесорот ги бележи и памти бројот и насоката на ротација и преку радиско поврзување се овозможува отчитување и подесување на уредот. Овој адаптер е со батериско напојување чии рок на траење е 15 години. Додека за отчитувањето се користи ADO модем кој соджи два примопредаватели на фрекфенции 2,4GHz и 868MHz и овозможува отчитување на радиски уреди на двете фрекфенции. Врската со рачен компјутер за отчитување е преку Bluethooth. Преносот и обработка на податоците се врши преку софтверскиот пакет ADO систем.



ADO адаптер и модем

Отчитување на водомерите со радио-врска се врши на два начина: со одење (пешачење) и преку возило во движење.

Придобивките од поставувањето на водомерите со далечинско отчитување вклучуваат:

- отчитување на сите водомери во еден ден
- изготвување на прецизни сметки за потрошена вода и подобрена услуга
- многу поголема брзина на отчитување и тоа секој месец
- подобрување во точноста на отчитување на водомерите поради елиминирање на пречките настанати со мануелното отчитување
- водомерите сигнализираат сигурен дефект на нивната внатрешна водоводна мрежа
- почитување на приватноста на корисниците на услуга бидејќи нема да има потреба од влегување во приватните имоти поради читање на водомерите.

ЈКП„Водовод и Канализација“ – Прилеп во 2021 година набави 925 INSA водомери со вграден радиомодул, моментално имаме инсталирано 2179 водомери со далечинско отчитување , со што се опфатени неколку населби, во 2024 година продолжуваме со монтажа на радиски водомери со тоа што планирана е набавка на 200 водомери со што ќе се надополнуваат

реоните каде веќе е започната инсталацијата на овие водомери и набавка на нов пософистициран софтвер за отчитување ,со тоа ќе се продолжи целта на ЈКП„Водовод и Канализација“ – Прилеп за намалувањето на загубите на вода како резултат на точното и навремено отчитување.

Опрема со која располага одделението за припрема и инвестиции

ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп со помош на средствата од проектот **WATenERgy CYCLE,** набави една од најсофистицираната опрема за детекција на дефекти во водоводната и канализациона мрежа и е едно од најопремените претпријатија во регионов. Со помош на таа опрема голем дел од барањата од граѓаните се одговорени, екипите излегуваат на терен во најбрз можен рок и голем дел од дефектите се детектирани и санирани. Со тоа бројот на дефекти на корисничките инсталации драстично се намали. Исто така ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, користејќи ја оваа опрема, излегува во пресрет и на други претпријатија кои се соочуваат со проблем во нивната водоводна и канализациона мрежа.

Во 2023 година екипите на одделението припрема и инвестиции имаат одговорено на околу 600 барања за детектирање на подземни инсталации, детектирање на истекувања, трагање на кабли како и обележување на водоводни и канализациони линии .

Голема придобивка од оваа опрема исто така имаат и граѓаните на Општина Прилеп поради тоа што голем дел од барањата се за детектирање на истекување во корисничка (приватна) мрежа која се наоѓа после водомерот со која ЈКП„Водовод и Канализација“ – Прилеп не стопанисува.

Во крајот на 2023 година направена е набавка на GPS во вредност од 683.800,00 денари , со што во 2024 активно ќе се продолжи со мапирање на јазлите во водоводната и канализационата мрежа.

Во инвестициониот план за 2024 година предвидено е набавка на локатор за детектирање на ПВЦ линии.



Опрема за детектирање на дефекти

- **Геофон seba**

  Геофонот е уред кој служи за детектирање на истек на вода во водоводната мрежа.
- **GPS**

  Овој геодетски инструмент служи за инфраструктурна документација и предмети на градилиште.
- **НИВЕЛИР- LEICA**

  Нивелирот е геодетски апарат за точно мерење на висина и должина,односно одредување на разлика во висина меѓу различни точки на Земјината површина
- **ТРАГАЧ ЗА КАБЛИ IZICAT i500**

  Трагачот за кабли како инструмент служи за детектирање на веќе постоечките подземни кабли, со цел да се избегни дополнителна штета при ископ за санација на дефекти и инсталирање на нови приклучоци.
- **Корелаторот Correlux C-3**

  Корелаторот Correlux C-3 лоцира протекување во цевките за вода. Correlux C-3 ги споредува двата сигнала (корелација) и ја пресметува точната дистанца до истекувањето врз основа на времето на одложување на сигналите, растојанието на сензорот и брзината на звукот во цевката.
- **Локаторот и тракетор vScan**

  Локаторот и тракетор vScan е дизајниран го направи едноставен и економичен процесот на откривање на цевките. Главните карактеристики и оперативните контроли се во согласност со стандардите на индустријата.Заедно со предавателот со двојна фреквенција, логирањето на податоци, опционалниот детектор за покривање на метални шахти, GPS и Bluetooth VScan локаторот е достапен да одговара на сите апликации.
- **Кабел за лоцирање**

  Кабелот за лоцирање му овозможува на корисникот лоцирање на неметални цевководи, одредувајќи го нивниот тек и длабочина. Во зависност од видот на врската, кабелот за лоцирање на фиберглас SebaKMT може да се наоѓа во текот на целиот курс или само може да се користи за одредување на крајната точка.
- **Локатор на феромагнетни материјали**

  VM-880 е од најновата генерација локатор за феромагнетни материјали и има одлични карактеристики. Содржи голема сензитивност и е лесен за употреба. Може да детектира закопани цевки, метални шахти, капи, шибери и друго.
- **Мерно Тркало – Одометар**

  Лесно, компактно со алуминиумско, се користи за голема прецизно мерење на растојание помеѓу две точки, со максимална измерена вредност од 9999.99м
- **Дата Логер Seba GSM/GPRS со повеќе канали**

  Благодарение на неговиот компактен и цврст дизајн и потполно водонепропустливо куќиште, D-3 логерот на податоци е погоден за инсталирање на недостапни локации. Дава информации за статусот на протокот од мерењата на притисокот и протокот во вашата мрежа за снабдување до 4 канали.
- **Камера за отпадна вода**

VCam-6 HD инспекцискиот систем од Vivax-Metrotech има флексибилност за покривање на голем број санирања на дефекти, вклучувајќи линии од 7cm до 30cm во дијаметар.

- **LMX200 Радар за подземно лоцирање на предмети (цевки, кабли, инсталации)**
  Радарот работи на сензори и софтвер со најнова технологија. Може брзо да ги прикаже длабинските скенирани парчиња почва и да ги прикаже со географски лоцирани податоци. Потоа со преглед со програмата Ekko-Project може да ги прекрие податоците со локациите за глобално позиционирање со фотографии на веб-страници и мапи на Google.

Географски информационен систем (ГИС)

Географски информационен систем (ГИС) е систем дизајниран за снимање, чување, манипулирање, анализа, управување и презентирање на просторни или географски податоци. ГИС-апликациите се алатки кои ни овозможат да креираме интерактивни пребарувања , анализираат просторни информации, уредуваат податоци во мапи и ги презентираат резултатите од сите овие операции.



Приказ на мапа од ГИС систем со подлога детална карта на канализациона мрежа

Овој Географски информатционен систем е WEB GIS ASSET MANAGEMENT платформа која се користи во ЈКП,ова е флексибилен дата модел чии интерфајс е многу пристапен за користење.
Инфрастуктурата на водоводната и канализационата мрежа е многу комплициран систем од кој 90% од податоците се поврзани со географска локација.
Поради тоа потребата од ГИС за едно ЈКП “Водовод и Канализација“- Прилеп е од големо значење.
Географски информационен систем (ГИС) му дозволува на корисниците да ги пребаруваат анализираат и прегледуваат информациите врз основа на нивната локација.
Преку истата се добиваат информации за сите корисници и улици, пумпи, пумпни станици,резервоари, извори и водомери кои се на нивото на Општина Прилеп.

Преку одбирање на соодветната алатка може да се одбери кои информации сакаме да ни бидат прикажани за нашата мрежа и кои нивни атрибутни податоци.


Избирање на подлога:

- сателитска снимка на мапата, open street map, катастарска подлога,топографски карти, ортофото, урбанистички план и др тип на подлоги кои можат да се постават во овој систем

Алатката за пребарување има многу широк опсег :

- Пребарување по адреса, приказ на информации за јазли од мапа.
- Пребарување по координата
- Приказ на информации за цевки од мапа

Креирање на извештаи од област (Цевки, Дефекти на цевка, Водомери и Арматури).
Корисниците на оваа апликација можат да внесуваат, да едитираат, бришат податоци и да прикачуваат документи, доколку е потребно да се направи промена.
Покрај основните податоци што ги нуди овој систем за потребите на ЈКП„Водовод и Канализација“ Прилеп направени се и неколку модули кои ќе ја олеснат работата на одделенијата во техничкиот сектор.



ГИС Систем – пребарување по адреси /преглед корисник

Модули

- Модул за издавање услови и согласност
- Модул за следење на загуба
- Модул за надолжни (лонгитудинални) профили
- CCTV инспекциски модул, односно регистрација на дефекти откриени со камерата
- Печатење на детални мапи - експортирање на мапи кои може да се користат за различни активности за планирање, работење и одржување
- Анализа на водоводната и канализациската мрежа во однос на оптималното работењето и одржувањето, на пример идентификување на областите со чести дефекти на цевките.
- Достапност до потребната база на податоци и просторни информации за хидраулично моделирање
- Интегрирање на системот со софтверот за компјутерски финансиски менаџмент (Billing system)
- Поврзување со SCADA системот
- Мобилна апликација за регистрирање на дефекти



Приказ на мапа на дел од канализационата мрежа на подлога Ортофото

Во 2024 планираме да учествуваме во проектите за преку гранична соработка со што цел ни е да обезбедиме средства за воведувдување на нови модули во ГИС системот за усовршување на податоците за хидротехнички услови како и планирање и следење на водоснабдителниот систем . Со овие надополнување ќе придонесиме и во поглед на дигитализацијата на ЈКП Водовод и канализација како и во намалувањето на загубите на вода со набавка на дополнителна опрема.

Инвестиционен план за одд. Подготовка, Инвестиции и Развој за 2025 година

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
1.1.4.1	2024	Скада (Нова)	парче	1	ден 3.000.000,00	Надградување на постоечкиот SCADA систем
1.1.2.8	2024	Куќни водомери (Нови)	парче	200	ден 1.000.000,00	Нови водомери за далечинско отчитување со вграден радио модул
1.1.4.2	2024	Куќни водомери (Нови)	парче	1	ден 1.000.000,00	Софтвер и опрема за водомери со далечинско отчитување
1.1.6.1	2024	Нематеријални средства (Вод.) (Нов)	парче	15	ден 3.000.000,00	Изработка на инвестициона техничка документација (проекти ,резвизии,елаборати)
1.1.5.2	2024	Алати и уреди, останата неспомната опрема (Вод.)(Нов)	парче	1	ден 600.000,00	Локатор и тракер за линии
1,1,52	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)			ден 28.000.000,00	Фотонапонска електроцентрала (проектирана номинална моќност од 645,15 kWp)
		ВКУПНО			**ден 36.600.000,00**	

Изработил:
Рак.одд. за Подготовка инвестиции и развој
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Данче Јошеска

ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИ (НАПЛАТА)

Главни активности

- фактурирање на потрошената вода ;
- склучување на кориснички договори со физички и правни лица;
- редовно читање на водомерите на сите правни и физички лица - корисници;
- месечна достава и наплата на сметки за потрошена вода од корисници -правни и физички лица;
- наплата на сметки и фактури по редовни побарувања, наплата по тужени побарувања, наплата по склучени договори за на рати, наплата пред исклучување и приклучување на корисниците од водоводната мрежата и наплата по други основи;
- редовни и вонредни контроли (согласно доспеани жалби од корисниците) ;
- исклучување на нередовните плаќачи и диви корисници од системот за водоснабдување;
-изготвување на вонредни сметки и фактури ;
-изготвување на месечни ,тромесечни и годишни извештаи;
- евидентирање на нови корисници на услуги и врши промена на корисници во матичната евиденција преку одделението АОП;
- ги превзема сите потребни мерки за наплата на сметките за вода од правни и физички лица;
- доставува опомени до корисниците за ненавремено плаќање ;
- дава предлози за тужење на нередовните плаќачи на сметки-фактури;

Побарувањата се настојува да се наплатат со опомена на корисниците по редовен пат.Доколку не се наплати до датумот на застарување на сметките и фактурите се пристапува кон наплата по судски пат.Тужењето се одвива континуирано од 2005 година па се до денес. Сметките за физички лица застаруваат за 1 година, а додека фактурите за правни лица застаруваат за 3 години.

Читање, фактурирање и наплата

Читање

Одделението „Наплата“ заедно со оделенијата „АОП“ и „Одделение за управување и раководење со човечки ресурси и правни работи“ се одговорни за собирање и ажурирање на податоците за корисниците на вода за домаќинства и индустрија, редовна достава на сметките и фактурите, редовна и принудна наплата до момент на тужење.

Одделението наплата врши читање на водомерните броила по домаќинства и индустрија на начин регулиран со интерни Процедури за отчитување на водомерните броила .Инкасаторите и во определени случаеви според процедурите и контролорите вршат достава на податоците до одделението АОП. Инкасаторите имаат обврска да вршат редовно отчитување на водомерите. Читањето се врши со увид на лице место и рачен внес на податоците во читачките листи. Читачките листи се доставуваат до одделението АОП до 24тиот ден од месецот и врз основа на тие листи се изготвуваат сметките за домаќинства и индустрија најкасно до последниот ден од месецот за тековниот месец.

Фактурирање

Сметките и фактурите се штампаат и паковаат до крај на месецот за тековниот месец. Откако ќе се испечатат веднаш се започнува со достава на сметките и фактурите во првите 15 дена од месецот за претходниот месец. Сметките содржат тарифа за вода, тарифа за собирање и одведување на отпадни води, тарифа за прочистување на урбани отпадни води,ставка за потрошувачка по m3 за корисниците - физички и правни лица, ставка за фонд за води, ставка за ддв, камата за закаснето плаќање и вкупен износ. Сметките и фактурите се доставуваат преку инкасаторската служба а додека на фирмите им се доставуваат и по електронски пат согласно законските прописи. Рокот за плаќање е до 18ти во месецот за претходниот месец за физички лица а за правни лица до 30ти во месецот. Доколку не се изврши уплата до наведениот рок започнува да тече законска затезна камата која се пресметува по автоматски пат и се фактурира во првата наредна сметка после извршената уплата.

Наплата

Наплатата за домаќинства и претпријатија ја врши Одделението за наплата . Правниот сектор врши наплата преку нотарско-судски активности. Наплата се врши преку :

-шалтер во услужните центри за наплата кои се лоцирани во центарот на градот,населбата Точила и во просториите на Водовод и канализација;

- инкасатори и конролори кои вршат наплата на терен;

-банка, пошта и електронски преку Веб страна.

Процентот на наплата се следи редовно согласно месечните податоците од АОП. Усогласувањето се врши со сметководствените податоци во месечни, тримесечни, шестмесечни, деветмесечни и годишни извештаи кои се доставуваат до менаџментот, органите на управување и Советот на Општината.

Софтверот се користи од страна на Одделението за наплата за опоменување и исклучување на корисниците – физички и правни лица по вредност и период на заостанатиот долг. Претпријатијата се опоменуваат и исклучуваат според сметководствени картици. Наплатното одделение подготвува опомени кои ги доставуваат инкасаторите и контролоритедо домаќинствата и правните лица врз база на сметководствени картици. Доколку должникот не плати по опомената се пристапува кон наплата по судски пат. Доколку и покрај сите напори не се изврши уплата на корисникот му се доставува Решение за исклучување со рок за плаќање од пет дена по што се врши и практично исклучување на корисникот преку одземање на водомерното броило и затворање на доводната водоводна линија во шахтата на корисникот.

Процедурите за читање на водомери, доставување на сметки, опоменување на должници, исклучување и тужење се дефинирани со интерен Правилник за процедури на ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп.

Ефикасност на наплата;

Процентот на наплата се пресметува врз база на вкупниот готовински тек во тековната година поделен со фактурираните приходи. Менаџментот на ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп е задоволен од преоцентот на наплата во изминатите 15 години, но ќе се труди за зголемување на наплатата по редовен пат а намалување по судски пат и присилна наплата.На корисниците

им се дава можност за плаќање на 12 рати и со тоа им излегуваме во пресрет и ги заштитувамеод задолжување со дополнителни трошоци.

Инвестициони активности;

Во наредниот период се планира надоградување на системот за наплата со користење на предностите на современите технички и технолошки достигнувања и во поглед на организациска поставеност на одделението со што ќе се овозможи поефективно и поефикасно работење на истото. Ова ги опфаќа активностите за:

- Отчитување на водомерите (домаќинства и индустрија). Од пред неколку години започнавме со поставување на радиски водомери и читање од пред врата но сеуште не сме задоволни од повратните инфирмации кои ги дибиваме. Има многу грешки во отчитивањето на водомерите и голем број на водомери кај кои воопшто не се врши отчитување. Известени сме дека проблемите настануваат поради тоа што батериите на радио мидулите се со многу краток рок на траење, а ВиК не е во можност навремено да изврши замена. Доставените податоци до инкасорската служба не се точни па од тука произлегуваат и проблемите со фактурирање и наплата. Се надеваме дека во најкраток можен рок ќе бидат отклонети непавилностите.

-Фотографирање на спорни состојби на водомер. Со фотографиите на состојбите на водомерите со очекува да имаме видлив доказ брз основа на кој што би се изработила сметка или фактура. Истите би послужиле и како доказ за наплата по судски пат.Исто така ќе се фотографираат и приклучоците во водоводните линии со што би се лоцирало нелегалното користење на вода.

-Контрола на работата на инкасаторската служба. Со чести контроли на работењето на инкасаторите од страна на контролорите се очекува да се подобри отчитувањето на водомерите со што би имале точни состојби и реално задолжување(фактурирање) на корисниците.

-Контрола на корисниците и наплата по опомени од страна на контролорите. Со набавката на уште едно возило се очекува да се оформи уште една екипа за контрола со што би се правеле почести контроли кај корисниците.Исто така би се подобрила наплатата со достава на опомени од страна на контролорите и наплата на терен.

-Откривирање на нелегални приклучоци. Со оформувањето на уште една екипа за контрола ќе се стремиме да се вршат уште почести контроли на водоводните приклучоци со што би се утврдило дали потрошената вода се регистрира на водомер или постои нелегално користење на водата.

-Вонредни контроли на корисниците . Се очекува да се врши и вонредна контрола на корисниците, а не да се постапува само по нивно барање, со што ќе се подобри базата на податоци.

-Воведување на безготовинско плаќање на сметките . Во соработка со финансискиот сектор се планира да се воведи плаќање со траен налог.
Дел од гореспоменатите активности се во почетна фаза на работа и постепено се инкорпорираат во тековното работење на претпријатието, а дел од нив планираме да ги имплементираме во наредниот период. Сите активности на ова одделение се реализираат во соработка со останатите одделенија на претпријатието, а посебно со одделенијата: Водомерна работилница, Правни работи и АОП.

Очекувани резултати:

- Зголемена наплата
- Поголема контрола и организација на инкасторската служба
- Одбегнување на тужби и трошоци по истите
- Заштеда на време при плаќање на сметки
- Овозможено плаќање без провизија
- Можност за плаќање на сметките на 12 месечни рати
- Подобрување на базата на податоци за корисници
-Зголемување на наплатата преку Веб портал

Инвестиции предвидени- ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИ (НАПЛАТА) за 2025 година

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
6.1.3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	4	ден 16.000,00	ласерски печатач
6.1.3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	ден 40.000,00	Бројач на пари
	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	4	ден 100.000,00	Десктоп компјутер
6.1.3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	4	ден 16.000,00	Монитор
	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	ден 1.000.000,00	Полутоварно возило
	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	2	ден 120.000,00	Клима уред
		ВКУПНО			*ден 1,292.000,00*	

Инвестициите предвидени во табела се дел од инцестициите - Услуги за поддршка за 2025 год.

Изработил:
Рак.одд. за Односи со корисници (Наплата)
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Жаклина Стојкоска

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА СЕКТОР ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2025 ГОДИНА



ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ГРАД ПРИЛЕП

Според популацијата на населението во Општина Прилеп покриеноста со собирање и одведување на отадни води изнесува 93%. Квалитетот на услугата е подобрен според Информациониот систем на барања и жалби по кодот Блокада канализација, како што се гледа во табелата подолу.

ЈКП „Водовод и канализација“ со проектот Рехабилитација на канализационата мрежа се изврши рехабилитација на 65 км канализациона мрежа, а и изградба на Пречистителна станица е пуштена во употреба во 2019 година.

Табела 3: Преглед на покриеност со услугата

Population development and service coverage		2022	2023
Население во сервисната зона			
Население во општината (во подрачјето на одговорност)	Бр.	69025	
Водоснабдување			
Население до кое е доставена вода	Бр.	68447	
Собирање на отпадни води			
Население со канализациски услуги (во подрачјето на одговорност)	Бр.	64510	
Прочистување на отпадна вода			
Население за кое е овозможен третман на отпадни води (во подрачјето на одговорност)	Бр.	63308	

Забелешка: Податоците за населението се пресметани врз база на пописот од 2021 год.

Одведување отпадни води		2022	2023
Население	Бр.	69025	69025
Приклучено население	Бр.	64510	
Процент на приклученост	%	**93%**	**94%**
Домаќинства			
Број на крисници- Домаќинства	Бр.	21604	21681
Вкупна потрошувачка -Домаќинства	m3/год.	2.442.776	2,362,030.00
Комерцијални/индустрија			
Број на крисници - Комерцијални/индустрија	Бр.	2047	2044
Вкупна потрошувачка - Комерцијални/индустрија	m3/год.	414.045	709,261.77
Вкупно проток на отпадни води, фактурирано	**m3/год.**	2.856.821	3,071,292.00

Под одржување на канализационен систем на град Прилеп се подразбираат следните активности: Се следи, унапредува развојот и одржувањето на изградениот фекален и атмосверски канализационен систем на подрачјето на град Прилеп;
Одведување и пречистување на отпадните и атмосферските води, тековно и инвестиционо одржување на:

- фекалниот канализационен систем, со кој се одведуваат отпадните води од домаќинствата, индустријата и другите претпријатија и јавни установи;
- атмосферскиот канализационен систем, со кој се одведуваат атмосферските води
- од територијата на градот Прилеп во природните реципиенти и отворени канали;
- одржување во исправна состојба на атмосферските и фекални пумпни станици и

- објекти, ревизиони шахти кои служат за контрола и одржување на
- канализационата мрежа и сливници кои служат за прифаќање на атмосферските
- води како и одржување на попивателни бунари, и друго.
- врши интервенции со цистерни под притисок, вакуум како и интервенции со рачен
- алат, чекреци, сајли и друго;
- издавање хидротехнички услови (со кои се дефинираат услови за приклучување
- на фекална и атмосферска каналска мрежа на град Прилеп, по поднесено
- барање);
- издавање решенија за нов канализационен приклучок и разни писма, дописи и
- одговори на барања;
- увид на лице место за определување на услови за изведба на приклучоците како
- и нивно усогласување со другите подземни инсталации и објекти;
- изготвување пресметки за наплата од граѓани и правни лица за извршените
- услуги при реализација на приклучоците;
- приклучување на правни и индивидуални објекти на канализационата мрежа во
- фаза од прво сознание за потреба од приклучување до фаза на изведување на
- приклучок.

Оперативниот план на Одделение „Канализација“ за одржување на фекална и атмосферска канализација во град Прилеп е замислен на следниот начин: Се планира целокупното градско подрачје кое е опфатено со канализација да биде најмалку барем еднаш контролирано и исчистено. Имено, оперативната група за чистење на ревизиони шахти да ги контролира и исчисти истите ако во нив има талог, а после тоа специјалното возило под притисок да ги испери каналите. Исто така оперативната група за чистење на улични сливници да ги контролира и исчисти уличните сливници да го транспортира материјалот во трактор и да го однесе на одреденото место за тоа.

Ова е планирано да се работи по реони (населби) и тоа на следниот начин:

Централното подрачје на град Прилеп и Стара Чаршија се котролира редовно преку целата година и кога за тоа ќе има потреба. Истото се однесува и на главните колектори. Се заврши изградбата и реконструкцијата на 23км главни колектори од фекаланата канализација. Иако истите не се предадени за одржување на ЈКП“Водовод и Канализција“- Прилеп сепак техничките служби се спремни да ја одржуваат и таа мрежа. Исто така изградена е нова фекална канализациона мрежа со околу 45км преку проектот финансиран преку ИПА фондовите на ЕУ и Владата на РМ.

Потешкотии и неправилности кои се јавуваат при одржувањето на фекалната и атмосферската канализација

При одржувањето на фекалната и атмосферската канализација, Одделението „Канализација“ се има сретнато со голем број на неправилности и потешкотии од различна природа.

Тешкотии од техничка природа се следните:

- Неправилно димензионирање и изведена фекална и атмосферска канализација;
- Неправилно бетонирани ревизиони шахти;
- Неправилно поставени улични капаци на ревизиони шахти;
- Нештеловани ревизиони шахти и др.

Други неправилности и тешкотии кои се јавуваат од несовесност и недисциплинираност на граѓаните на град Прилеп, а тоа се:

- Депонирање на различен градежен материјал врз ревизионите шахти и уличните сливници;
- Неправилно (диво) вклучување во атмосферската и фекалната канализација;
- Недозволено фрлање на разни предмети во канализационата мрежа како: коски, пепел, гипс, цемент, песок, крпи, како и недозволено фрлање на отпаден материјал од казарници, зимница и сл.
- Оштетување на капаци од ревизиони шахти;
- Оштетување на решетки од улични сливници.

ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ОДДЕЛЕНИЕ КАНАЛИЗАЦИЈА

Активности кои спаѓаат во одржување на канализацијата:
- Постојани активности
- Инцидентни активности
- Вонредни активности

Постојани активности:
- ✓ Контрола и чистење на ревизиони шахти на атмосферска и фекална канализација, чистење на наносот и транспорт на истиот на одредено место;
- ✓ Контрола чистење на улични сливници и улични решетки, вадење на натрупан материјал и транспорт на истиот на одредено место;
- ✓ Перење на фекална и атмосферска канализација со специјално возило цистерна.

Инцидентни активности:
- ✓ Одржување на уличните колектори
- ✓ Одзатнување на канализација во станбени згради и куќи
- ✓ Одзатнување на канализација во индустријата
- ✓ Поправка и замена на улични капаци и ревизиони шахти
- ✓ Поправка и замена на решетки на улични сливници
- ✓ Интервенција со ровокопач JCB - 4 на фекална и атмосферска канализација каде за тоа има потреба
- ✓ Изградба на нови ревизиони шахти на фекална и атмосферска канализација
- ✓ Изградба на нови улични сливници и улични решетки на атосферска канализација

Вонредни активности:

- ✓ Чистење на одводен канал во населба Варош;
- ✓ Чистење на таложници во населба Тризла и ул.Орде Чопела
- ✓ Чистење на почетни ревизиони шахти на атмосферска канализација и санирање на истите;
- ✓ И други дополнителни канали
- ✓ Реализација на проекти во соработка со Локална самоуправа

Од потребната механизација за одржување на фекалната и атмосферска канализација ова одделение располага со специјално возило цистерна IVECO-ATRIK и 2 (два) компресори за помали профили.

Од вкупниот број на работници во одделението се формираат четири работни групи кои ги извршуваат следниве активности:

1. Работа со специјални возила - цистерни:
- 2 КВ возач + 4 ПКВ работници (чистачи)
2. Работна група за градежни активности и рачно одзатнување на канализација:
- 8 НКВ работници (чистачи)
3. Работна група за чистење на улични сливници и решетки:
- 3 НКВ работници (чистачи)

Потребна техничка механизација за одржување на фекална и атосферска канализација

- Специјално возило цистерна 2
- Мало товарно возило 1
- Специјално возило цистерна – приклучно возило 2

Технички податоци за атмосферската и фекална канализација:
1.Фекална канализација
дожина на мрежата 76.458 m
- 1ва ФАЗА нови колектори 23.000 m и 2ра ФАЗА 59.991 m
- број на ревизиони шахти 1.514

Профил во mm.	**ø 200**	**ø 250**	**ø 300**	**ø 350**	**ø 400**	**ø 500**	**ø 600**	**ø 700**	**ø 800**
Долж. m1	46462	8887	8367	2874	3189	1486	720	2626	1847

2. Атмосферска канализација:
- должина на мрежата 55.904 m
- број на ревизиони шахти 1.118
- број на улични сливници 1.764

Проф. mm.	**ø 250**	**ø 300**	**ø 400**	**ø 500**	**ø 600**	**ø 800**	**ø 900**	**ø 1000**	**ø 120**	**ø 1500**
Долж. m1	10982	21456	6875	4261	2510	4691	1311	750	957	2111

1. Контрола на ревизиони шахти на атмосферска и фекална канализација, чистење на талогот од истите, товарање на трактор и треанспорт на истиот до определено место за тоа. Оваа активност предвидува во годината секоја шахта да биде најмалку еднаш контролирана и исчистена. Во оние реони каде се појавува отежнато работење на канализацијата, односно тнр. „тесно грло“ (Старо Корзо, Димо Нарединкот, Цане Коњарец, Чачорица, Тризла) се предвидува контрола и чистење на шахтите три до четири пати годишно. Вкупниот број на ревизиони шахти од атмосферската и фекалната канализација изнесува 2621 шахти. Од досегашното искуство еден ПКВ работник може да исчисти и контролира приближно три шахти на ден. За нормално одвивање на оваа дејност потребни се 6 ПКВ работници и чистач на канализација, а од механизација потребен е трактор со приколка.

2. Контрола на улични сливници, товарање и транспорт на изваденот материјал до место предвидено за тоа: Оваа активност предвидува секој сливник најмалку еднаш годишно да

биде контролиран и исчистен. Во централното градско подрачје и старата чаршија се предвидува уличните сливници да бидат исчистени најмалку 3-4 пати годишно. Поставена норма врз основа на нашите согледувања изнесува 5 сливници на еден ПКВ работник – чистач. За нормална реализација на активноста потребни се дајца ПКВ работници – чистачи кои ќе работат во текот на целата година, а од потребаната механизација товарно возило.

3. Одзатнување и перење на улични колектори:

Оваа активност ја извршуваат екипи со специјални возила, која е составена од ВКВ возач и двајца ПКВ чистачи. Моментално располагаме со специјално возило Цистерна ИВЕКО со надградба Атрик набавено во 2010 година и во одлична состојба, компресор за помали профили набавен во 2016 година во одлична состојба. Во текот на 2019 година набавивме уште една мини цистерна. Тековните активности на одделението Канализација се многу олеснати со набавката на специјалните возила. Со што се зголемува и квалитетот на услугата.

По потреба оваа група интервенира во горе споменатите активности, а искуството од досегашната работа пресметано е дека групата има реализација од најмалку три интервенции дневно.

- Замена на оштетени капаци и поправка на истите: Планирано е за една година да се заменат до 60 капаци
- Санирање на бетонски венци и шахти;
- Планирано е за една година да се санираат 30 ревизиони шахти.
- Замена на оштетени сливници:
- Планирано е за една година да се санираат најмалку 50 сливници.
- Изградба на нови ревизиони шахти
- Изградбата на нови ревизиони шахти се врши по потреба, а од досегашното искуство се покажува дека е потребно да се изградат 10 шахти годишно.
- Интервенции во претпријатија. Во претпријатијата се интервенира по потреба и по нивно барање.
- Врз основа на претходно изложените активности се изработува Оперативен план за одржување на градската фекална и атмосферска канализациона мрежа

Инвестиции планирани за 2025 година одд.Канализација

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
2.2.1.1	2024	Примарна Кан. Мрежа (Рехаб.)	метри	110	10.000.000 ден.	Атмосферски канал на ул.Александар Македонски DN 800 – бетон Реализирано ф1000
2.2.1.1	2025	Примарна Кан. Мрежа (Фек.)(Рехаб.)	метри	2000	3.000.000 ден.	Нас. Корзо маало (ул. Цане Коњарец, ул. Кире Гаврилоски, ул. Бошко Јанкоски), ул. Јоска Јорданоски, ул. Тризла, ул. Пиринска
2.1.1.1	2025	Примарна Кан. Мрежа (атм.) (Нова)	метри	5000	2.000.000 ден.	Нас. Сточен пазар, нас. Жабино маало, нас. Ново Марино маало, Населба Чачорица, на ул. Ладо Лапецот (од ул.Егејска до Точила К - згради)
2.1.4.4	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов) Кан.	Парче	1	70.000 ден.	Агрегат 3-5 KW

2.1.4.4	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов) Кан.	Парче	1	100.000 ден.	Електрични апарати за канализација за куќни приклучоци
2.1.2.1	2025	Шахти на примарна Кан. Мрежа (Нова)	Парче	1	500.000 ден.	Изградба на таложници
2.1.3.1	2025	Препумпни станици Кан. (Нови)	Парче	1	400.000 ден.	Изградба на препумпна станица
2.1.4.2	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (10.0%) (Нов) Кан.	Парче	1	200.000 ден.	Електричен ударен чекан - голем и мал
2.1.6.1	2025	Товарни и влечни возила и приклучни уреди (10) (10.0%) (Нови) Кан.	Парче	1	900.000 ден.	Полутоварни возила (за влечење на мала цистерна)
2.1.4.4	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов) Кан.	Парче	2	300.000 ден.	Балони од ф100 до Ф600
2.1.4.3	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) Кан.	Парче	1	30.000 ден.	Компресор за балони со додатна опрема и снага 1,5KW и притисок до 6 bari
		ВКУПНО			**ден 7.500.000,00**	

Изработил:
Рак.одд. за Канализација
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Никола Василески

ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА



Во состав на СЕКТОР ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп, работи и одделението „Пречистителна станица“.

Во одделението за Пречистителна станица се извршуваат следните работи:

- ✓ *Пречистителната станица за отпадни води има за цел да ги прифати отпадните води на град Прилеп преку колекторскиот систем кој е насочен на самиот влез на станицата, да изврши нивно соодветно третирање и веќе третираната отпадна вода како прочистена да ја спроведи во Прилепска река. ПСОВ (Пречистителна Станица за Отпадни Води) своите активности ги извршува соодветно на предвидениот технолошки процес и во согласност со Годишната програма за работа и развој со инвестициони вложувања на Претпријатието.*

Технолошкиот процес во ПСОВ е поделен на неколку сегменти, меѓу себе поврзани и зависни еден од друг:

- **Механички третман на отпадните води**

-таложник кој ќе го амортизира ударот на големи протоци на влез

-влезна пумпна постројка (Архимедови пумпи) за превземање на отпадните води од главниот колекторски систем на град Прилеп,и насочување на кон механички решетки
-механички фини решетки
за одделување на цврсти и груби загадувачи присутни во отпадната вода
-песокозадржател за отстранување на песокот и присутните маснотии во отпадната вода(работи со континуирана аерација за полесно испумпување на присутниот песок и негово одделување преку сепаратор на песок ,а мрснотиите се насочуваат кон сепаратор на

мрснотии.Одделените песок и мрснотија се одлагаат во контејнери и се депонираат на соодветна депонија)
-примарни таложници таложници каде "тињата " гравитационо се таложи

- **Биолошки третман на отпадните води**

-биолошки реактор (базен-за активна тиња). Тука се врши биолошкиот третман на отпадната вода која доаѓа од примарните таложители имено тука се врши биолошко разградување во аеробна средина (присутна е биолошка маса -бактерии и микроорганизми кои во присуство на растворен кислород вршат разградување на органската маса и формираат "активна тиња") заради непречено функционирање на биореакторот континуирано се врши негова аерација (конвенционален дифузен воздушен систем за отстранување на јаглероден материјал)

-секундарни таложници: таложници каде "тињата " гравитационо се таложи, тука веќе се работи за секундарна тиња (биолошки веќе третирана активна тиња-финална седиментација за одделување на активната тиња од отпадната вода) од секундарните таложници веќе третираната отпадна вода како прочистена се одведува кон градската река (со што е исполнета во целост оправданоста на постоење на ПСОВ)присутната гравитационо наталожена секундарна тиња во секундарните таложници може да се подели на :

- рециркулациона активна тиња(RAS) се одведува кон биолошкиот реактор за да се одржи потребното ниво на биомаса а дел се насочува
- вишок на активна тиња(SAS) која се одведува :

1)кон постројка каде се врши нејзино "исушување " односно со третира во центрифуга во присуство на полимер и како "обезводнета " се одлага на сушни полиња (тука по пат на дренажа дополнително се обезводнува и е спремна како технолошки отпад соодветно да се врши нејзино одлагање на депонија за таа намена или
2) кон сегмнетот на ПСОВ каде ќе биде хемиски третирана

- **Хемиски третман на отпадните води**

Се работи за секундарен процес кој овозможува дополнително искористување на активната тиња за производство на CH4-метан и негово користење како погонско гориво за КО-генератор за производство на електрична енергија (произведената електрична енергија е наменета за потребите на ПСОВ ,со тоа значително ќе се намалат трошоците и ќе се постигнат големи заштеди од финансиски аспект).
Тука користењето на тињата во процесот на анаеробна ферментација која резултира со производство на метан. Процесот се одвива во анаеробни дигестори, каде е присутна постојана миксија на тињата, истата се загрева на одредена температура неопходна за да се произведе метан. Третираната тиња од дигесторите се одведува кон постројка за нејзино "исушување " односно со третира во центрифуга во присуство на полимер и како "обезводнета " се одлага на сушни полиња .

Активности кои се вршат во одделението ПСОВ
Персоналот кој ја опслужува и се грижи за непречено функционирање на ПСОВ е исто така соодветно поделен на неколку групи:

- **Лабораторија**

Во лабораторијата од ПСОВ континуирано се вршат испитувања на отпадната вода која влегува во пречистителната станица (земаат примероци и вршат следење на параметрите кои влијаат на одвивање на технолошкиот процес)и испитување на водата која после третманот

како пречистена се испушта во градската река (водата која се испушта во градска река треба да ги задоволи параметрите кои се предвидени во законската регулатива на Министерство за Животна Средина).
-параметри на влез :t°, Ph,TSS,TDS,COD,BOD
-параметри во примарни таложници,биореактор,секундарни таложници : t°, Ph,TSS,TDS,индекс на таложење
-параметри на излез :t°, Ph,TSS,TDS,COD,BOD

- **Технолошка група**

Тука се одвиваат сите фази од третманот на отпадната вода и го пратат технолошкиот процес, се даваат насоки за водење на процесот, се врши комплетна евиденција на параметрите на технолошкиот процес

- **Техничка група**

Тука се прати технолошкиот процес преку системот за надзор и управување SCADA,благовремено сугерираат на било какви промени на процесот и истите ги соопштуваат на вработените од технолошката група. Се врши надзор и одржување на целокупната машинска и електрична опрема вградена во ПСОВ (во зависност од проблемот го решаваат сами или пак сугерираат на потребата од сервис на истата).

- **Оператори**

Се врши континуиран надзор на работење на опремата во ПСОВ:
-чистење на опремата и објектите
-отстранување на сепарираните цврсти отпадоци и песок
-отстранување на технолошкиот отпад добиен со третман на тињата во центрифуга и нејзино одлагање на сушните полиња

Визуелен приказ на основната функција на ПСОВ



Приказ на отпадна вода која влегува во ПСОВ- после третманот како прочистена се испушта во градската река.

- **Генерален преглед на главната опрема во ПСОВ:**

-таложник на влез на станицата

-влезна пумпна станица (архимедови пумпи),
-фини решетки,сепаратор за песок, сепаратор за мрснотии,
-песокозадржател,компресори за аерација,
-пумпна станица кај примарни таложители (пумпи за транспорт на тиња и мрснотии),

-мостови со грибла и пумпи за мрснотии(на примарни таложители и на секундарни таложители),
-компресори за аерација неопходна во биореактор,
-пумпи за рециркулација на тиња и пумпи за одведување на вишок на тиња,
-постројка за обезводнување на тиња(центрифугални декантери),
-пумпи за внесување на тиња во анаеробни дигестори,
-котелно одделение (котли за греење и циркулациони пумпи за топла вода) кое е за загревање на тињата во анаеробните дигестори,
-анеробни дигестори (со вертикален миксер ,циркулациони пумпи),
-гасхолдер (резервоар за метан),
-горивник (за горење на вишокот на метан),
-когенератор за производство на електрична енергија(на погонско гориво метан),
-дизел агрегат (резервно непречено напојување на ПСОВ при прекин на напојување од дистрибутивната елек.мрежа,
-нисконапонска трафостаница (врзана на дистрибутивна мрежа за опслужување на ПСОВ со потребната електрична енергија).

Планирани дополнителни активности за 2024 година:
За да се обезбеди поефикасна и поекономична функционалност на ПСОВ неопходна е набавка на потопни пумпи наменети за фунционирање на песокозадржателот (објект каде со помош на пумпи се извлекува песокот присутен во отпадната вода).Ограничувањето на пруство на песок ќе овозможи подолг работен век на пумпите и целокупната опрема општо.
Планирана е изградба на таложник на самиот влез на ПСОВ ,намерата е да се амортизира ударот на големи количини на песок при самиот влез во ПСОВ при услови на обилни врнежи на дожд .
Од голема важност за процесот на продукција на метан и неговото користење за производство на електрична енергија е набавка на пумпи за циркулација во анаеробните дигестори (со ова ќе се исполнат услови за поглема продукција на метан и подолг временски период на работа на когенераторот а со тоа и поголемо производство на електрична енергија за сопствени потреби на ПСОВ.

Инвестиции планирани за 2025 година одд.Пречистителна станица

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
	2024	Пречистителна станица (Рех.)	Парче	1	ден 8.250.147,00	Изграден е колекторски систем (таложник) во ПСОВ
3.1.6.4	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов)	Парче	2	ден 500.000,00	транспортна лента(флексибилен спирален конвеер)
3.1.6.4	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов)	Парче	2	ден 660.000,00	контерњери за тврд отпад и песок
3.1.6.3	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов)	Парче	2	ден 600.000,00	кавитациона пумпа за тиња
3.1.6.3	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар	Парче	6	ден 4.000.000,00	циркулациона пумпа за тиња

		(20.0%) (Нов) (				
3.1.6.3	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов)	Парче	1	ден 50.000,00	дектор за метан(анализатор на H2S)
3.2.4.1	2025	Пречистителна станица (Рех.)	Парче	1	ден 100.000,00	Гасна линија рех. градежни работи – асфалтирање
3.1.6.4	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов)	Парче	1	ден 900.000,00	Потопна пумпа за песокосодржател-втор канал
3.1.6.3	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов)	Парче	1	ден 120.000,00	Хидраулична дигалка
3.1.6.3	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов)	Парче	1	ден 120.000,00	Вентилатор за вентилација во објект 22
3.1.6.3	2025	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов)	Парче	2	ден 1.000.000,00	Пумпи за црпење мрснотии во песокозадржател
		ВКУПНО			**ден 8.050.000,00**	

Изработил:
Рак.одд. за Пречистителна Станица
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Владимир Симоноски

Инвестициски план

Финансиските извори на средства за предвидените инвестиции за секоја водна услуга и услугите за поддршка е предвидено да бидат од донации,буџет на општината и од тарифа. Од табелата кај услугата за воднабдување најголем дел од средствата ќе бидат од тарифа и тоа за инвестиции за рехабилитација, додека за поголемите инвестиции се планираат средствата да бидат од донации. Кај услугата за одведување на отпадни води дел од средствата се од донации,буџет на општината и дел од тарифа, додека кај прочистувањето на отпадни води извор на средства е предвиден од донации и од тарифа. Изворот на средства за услугите за поддршка е од тарифа и истите имаат за цел да придонесат кон зголемување на ефикасноста на наплатата и подобрување на услугите на корисниците на водните услуги во општина Прилеп.

Дополнителни трошоци за одржување

Во текот на инвестиционото планирање и анализата на приоритетите беа одвоени активности кои се со карактер на директни трошоци. Извршувањето на овие активности ќе го подигне квалитетот на одржувањето и ќе придонесе за подобро работење во иднина. Во 2024 година се очекува превземање на пречистителната станица за отпадни води во населено место Мало Коњари чии трошоци за одржување ќе бидат дополните , раководството на ЈКП Водовод и канализација Прилеп веднаш по превземањето планира да ја воведе тарифата за пречистување на отпадни води и во ова населено место.

Подолу се прикажани деталите од инвестицискиот план на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп.

Табела 1: Инвестиции за Водоснабдување во 2024 во МКД

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ		Опис
1.1.5.1	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден	2.000.000,00	Товарно возило со хидраулична дигалка до 1т и кипер -Среден ровокопач / утоварач самооден (~ JCB CX2)
	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден	900.000,00	Полутоварно возило за потребите на Одржување
	2024	Водоснабдување на населени места	парче	2	ден	1.000.000,00	Осовременување со поставување на пумпни постројки со фрекфентна регулација, со соодветна електроника (зголемена енергетска ефикасност) во н.м. Беровци, Големо Коњари и Старо Лагово.
	2024	Водоснабдување - градски бунари	парче	5	ден	3.000.000,00	Осовременување со поставување на пумпни постројки со фрекфентна регулација- бунарски постројки Кишовица - Орушица - било кои 5 бунари
1.2.2.2	2024	Примарна Мрежа (Рехаб.)	метар	2000	ден	10.000.000,00	.Ул. Кузман Јосифоски Питу, Ф300, потег од ул. Егејска до Бул Гоце Делчев . Бул Гоце Делчев,Ф300 потег од Ул. Кузман Јосифоски Питу до ул. Димо Нарединкот.
1.2.2.3	2024	Секундарна мрежа (Рехаб.)	метри	75000	ден	8.000.000,00	Улици: Кузман Јосфиоски Питу, Богомилска – приклучоци,Сремски Фронт – приклучоци,Велешка – приклучоци, Спасе Темелкоски, Марксова АЦЦ ДН 80, Борка Лопач, Мире Цилкоски, Стеве Забрчанец, Гога Димитриоски, Стеван Димески Ништакот, Орде Тутески , Борка Левата, Илија Василески, Цане Илиоски, Крушевска- 2 фаза, Јоска Јорданоски – мало, Киро Пајмакоски, Стеван Апостолоски, Адем Адемоски , Енгелсова, Трајко Николоски - 2 фаза, Браќа Шемкоски, Круме Кепески - главна, Братство Единство, Београдска - главна, Ѓорѓи Сугаре, Пенко Здравкоски, Боца Иваноска, Петар Ацев, Ѓорѓи Димитров - дел,Браќа Талески, Охридска, Тоде Крстески, Мирче Ацев - потег од Трајко Тарцан до А. Македонски, Осоговска, Бистра Планина, Карпошово Востанииеи др.
1.2.1.4	2023	Преносен вод. цевковод (Рехаб.)	метри	3500	ден	61.000.000,00	Реконструкција на цевковод од Каптажа Лековo до собирна комора на Град Прилеп -зголемување на доток од мин.10л/с
1.1.5.1	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден	800.000,00	Полутоварно возило за потребите на Водомерна работилница
1.2.4.2	2024	Останата опрема, за мониторинг и управување (Рехаб.)	парче	1	ден	300.000,00	Надоградба и сервисирање на машина за баждарење на водомери
1.1.2.6	2024	Мерачи на проток (Нови)	парче	5	ден	200.000,00	Зонски мерачи од Ф80 до Ф250

	2024	Индустриски водомери (Нови)	парче	6	ден	400.000,00	Нови комбинирани водомери Ф50, Ф80, Ф100
	2024	Куќни водомери (Нови)	парче	200	ден	750.000,00	Нови водомери 1/2"
1	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди	парче	1	ден	1.500.000,00	Полутоварно возило за потребите на одделение Санитарна контрола за транспорт на натриум хиперхлорид по селски водовододи
	2024	Водоснабдување	парче	1	ден	1.000.000,00	надградување и осовременување на опремата за хлорирање
2	2024	Каптажи на извори и зафати (Рехаб.)	парче	1	ден	2.000.000,00	Каптажа извор Лековo, каптажа извор Пештерица, каптажа извор Пашоски Ливади, каптажи извор Душници, Собирна шахта Извори,Хлорна Станица „Песјо Брдце“ изградба на гаража, Собирна бунари објект, објект Стар Варошки Резрвоар
4	2024	Резервоари за складирање	парче	6	ден	1.200.000,00	Резервоари во: н.с. Чепигово, н.с Загорани, н.с Подмол, н.с Канатларци, н.с Ерековци, н.с Галичани
9	2024	Водоснабдување	парче	1	ден	1.000.000,00	Изградба на магацин за опрема за хлорирање
1.1.4.1	2024	Скада (Нова)	парче	1	ден	3.000.000,00	Надградување на постоечкиот SCADA систем мерми станици : хлорна станица , резервора варош мерач на заобиколница и прелив, бунарски постријки и командан центар
	2024	Енергетски постројки, товарни и влечни возила и приклучни уреди (Вод.)(Нов)	парче	1	ден	28.000.000,00	Фотонапонска електроцентрала (проектирана номинална моќност од 645,15 kWp)
1.1.6.1	2024	Нематеријални средства (Вод.) (Нов)	парче	30	ден	3.000.000,00	Изработка на инвестициона техничка документација (проекти ,резвизии,елаборати)
1.1.2.8	2024	Куќни водомери (Нови)	парче	200	ден	1.000.000,00	Нови водомери за далечинско отчитување со вграден радио модул
	2024	Куќни водомери (Нови)	парче	1	ден	1.000.000,00	Софтвер и опрема за водомери со далечинско отчитување
1.1.5.2	2024	Алати и уреди, останата неспомната опрема (Вод.)(Нов)	парче	1	ден	600.000,00	Локатор и тракер за pvc линии
		ВКУПНО			**ден**	**131.650.000,00**	

Табела 2: Инвестиции за Одведување на отпадни води во 2024 во МКД

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
2.1.1.1	2023	Реконструкција на фекална канализација	m	110	ден 10.000.000,00	Атмосферски канал на ул.Александар Македонски DN 800 - бетон
2.1.1.1	2023	Реконструкција на фекална канализација	m	2000	ден 3.000.000,00	Нас. Корзо маало (ул. Цане Коњарец, ул. Кире Гаврилоски, ул. Бошко Јанкоски), ул. Јоска Јорданоски, ул. Тризла, ул. Пиринска
2.1.1.1	2023	Изградба на атмосферска канализација	m	5000	ден 2.000.000,00	Нас. Сточен пазар, нас. Жабино маало, нас. Ново Марино маало, Населба Чачорица, на ул. Ладо Лапецот (од ул.Егејска до Точила К - згради)
2.1.4.2	2023	Алати и уреди, останата неспомната опрема (Кан)(Нов)	Парче	1	ден 70.000,00	Агрегат 3-5 KW
2.1.4.2	2024	Алати и уреди, останата неспомната опрема (Кан)(Нов)	Парче	1	ден 100.000,00	Електрични апарати за канализација за куќни приклучоци
2.1.2.1	2024	Шахти на примарна Кан. Мрежа (Нова)	Парче	1	ден 500.000,00	Изградба на таложници
2.1.3.1	2024	Препумпни станици Кан. (Нови)	Парче	1	ден 400.000,00	Изградба на препумпна станица
2.1.4.2	2024	Алати и уреди, останата неспомната опрема (Кан)(Нов)	Парче	1	ден 200.000,00	Електричен ударен чекан - голем и мал
2.1.4.4	2024	Патнички возила, приклучни уреди (Кан) (Нов)	Парче	1	ден 900.000,00	Полутоварни возила (за влечење на мала цистерна)
2.1.4.2	2024	Алати и уреди, останата неспомната опрема (Кан)(Нов)	Парче	2	ден 200.000,00	Балони од ф100 до Ф600
2.1.4.2	2024	Алати и уреди, останата неспомната опрема (Кан)(Нов)	Парче	1	ден 30.000,00	Компресор за балони со додатна опрема и снага 1,5KW и притисок до 6 bari
Вкупно					**ден 17.400.000,00**	

Табела 3: Инвестиции за прочистување на отпадни урбани води во 2024 година во МКД

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ		Опис
3.1.6.4	2024	Пречистителна станица (Рех.) (Преч.)	Парче	1	ден	8.250.147,00	Изградба на колекторски систем (таложник) во ПСОВ
3.1.6.4	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	2	ден	500.000,00	транспортна лента(флексибилен спирален конвеер)
3.1.6.4	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	2	ден	660.000,00	контерњери за тврд отпад и песок
3.1.6.3	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	2	ден	600.000,00	кавитациона пумпа за тиња
3.1.6.3	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	6	ден	4.000.000,00	циркулациона пумпа за тиња
3.1.6.4	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	2	ден	180.000,00	Кондензациони садови
3.1.6.3	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	1	ден	50.000,00	дектор за метан(анализатор на H2S)
3.2.4.1	2024	Пречистителна станица (Рех.) (Преч.)	Парче	1	ден	100.000,00	Гасна линија рех. градежни работи – асфалтирање
3.1.6.4	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (25.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	2	ден	1.800.000,00	Потопна пумпа за црпење на тиња
3.1.6.3	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	1	ден	120.000,00	Хидраулична дигалка
3.1.6.3	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	1	ден	120.000,00	Вентилатор за вентилација во објект 22
3.1.6.3	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	1	ден	500.000,00	Пумпи за црпење песок во песокозадржател,статички поставени на мост
3.1.6.3	2024	Алат, погонски и канцелариски инвентар (20.0%) (Нов) (Преч.)	Парче	2	ден	1.000.000,00	Пумпи за црпење мрснотии во песокозадржател
		ВКУПНО			ден	17.880.147,00	

Табела 4: Инвестиции за Услуги за поддршка во 2024 во МКД ???????/незнам која е

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ		Опис
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	15	ден	350.000,00	Работни станици (персонален компјутер)
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	4	ден	300.000,00	Лаптоп компјутер
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	15	ден	100.000,00	Десктоп ласерски печатачи
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	ден	60.000,00	Клима уред
6.1.3.3	2024	Обуки,семинари		10	ден	1.000.000,00	Обуки,семинари
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)		5	ден	27.000,00	Монитор
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)		3	ден	15.000,00	Хард диск, надворешен
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)		5	ден	30.000,00	Скенер
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)		5	ден	25.000,00	Канцелариски столици
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)		1	ден	15.000,00	Копир апарат
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)		1	ден	90.000,00	Нов софтвер за архивско работење
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	ден	200.000,00	Видео систем за безбедност
		ВКУПНО			ден	2.212.000,00	


Прилог 1 – Мапи

1. Мапа од општина Прилеп
2. Приказ на системот за водоснабдување
3. Приказ на системот за одведување на отпадните води






Прилог 2 – Воден Биланс




Legend



ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Одделение за ИТ поддршка и автоматска обработка на податоци (АОП)

Главни задачи и активности на одделението:

- Одржување на апликации за сметководство, финансово и материјално работење, корисниците, фактурирање на услуги, основни средства, тужби за корисниците, личен доход, кадрова евиденција, благајничко работење и др.;
- се прибираат, систематизираат и ажурираат податоците за корисниците на услуги;
- се изработуваат сметките за месечна потрошена вода;
- се подготвуваат анализи извештаи и информации за одделни аспекти за ИС;
- се изготвуваат пилот проекти поврзани со воведување на нови информациони технологии; се подготвува предлог – Програма за ИТ и План за развој на ИТ;
- се врши обука на корисниците за употреба на функциите на информатичкиот систем;
- се координираат активностите за реализација на плановите, програмите за работењето на ЈКП во областа на ИТ;
- дефинира потреба од информатичка опрема и предлага информатички решенија;
- планира развој на информацискиот систем и координирање на активностите за примена на информацискиот систем;
- обработка на разни видови податоци, трансформирајќи ги во корисни и услужни информации податоци за другите сектори и одделенија во претпријатието и надвор од него;
- одржување на сите тековни апликации и постоечка системска инфраструктура во претпријатието;
- развој на нови апликации или модули од апликации, предлог за нови набавки на системска опрема и нејзино конфигурирање и ставање во употреба и др.

Инвестициони вложувања

Со зголемување на обемот на работа на претпријатието и забрзаниот развој на техничките и технолошките достигнувања, се наметнува потребата од замена на хардверот со кој располага истото и тоа централниот сервер кој го опслужува целокупното материјално, финансово, сметководствено работење кој сервер е веќе на крајот на работниот век (набавен во 2006 година) како и набавка на два(2) персонални компјутери за работа на операторите од АОП,

Компјутери и компјутерски конфигурации

За задоволување на потребата од оваа точка, се утврдуваат средства за:Набавка на централен сервер (замена на постоечкиот кои е потар од 10 години е на крајот на работниот век) како и два персонални компјутери за работа на операторите од АОП.Обнова на годишна лиценца за Антивирус со серверска поддршка :-Kaspersky Business Endpoint Security -Public SectoRenewal51 Users, 51 Workstations/FileServers или еквивалентно (File Anti-virus, Mail Anti-virus, Web Anti-virus, IM Anti-virus, Network Attack Blocker, System Watcher).

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО

Активности на одделението

- Сметководствените активности (благајничко работење, ликвидатура, контирање и сл.) финансиска пресметка и евиденција, планирање на приходи и расходи, финансиска статистика, анализа, известување и контрола, евиденција и управување со основните средства, исплата на плати, даноци и придонеси од плата, изработка на годишни и квартални финансиски планови, следење на реализацијата на средствата на буџетот, донации, сопствени приходи, кредити и друго;
- изготвува анализи, обработува статистички податоци од областа на финансиското и сметководственото работење;
- секојдневно водење на благајнички работи, сите уплати и исплати;
- секојдневно се подигаат пари во денари и девизи за намирување на трошоците во готово, се подготвуваат налози и решенија за патни и дневни трошоци за службени парувања во земјата и странство;
- се води висината на благајничкиот максимум; отворање и затворање на сметки од сопствени приходи, донации, кредити и др.;
- се врши благајничкото работење и ликвидатура;
- се проверува исправноста на сметководствената документација согласно законот за сметководство,општи акти и комплетноста на документацијата;
- се изготвуваат прегледи и статистички извештаи за персонални исплати;
- исплата на испратнина за одење во пензија и исплата на парична помош за починати членови од потесно семејство;
- наплатата на побарувања од правни и физички лица, тужбените побарувања;
- се врши контирање на сметководствените исправи и состаување на налози за книжење, усогласување на приходите и расходите на ЈКП;
- усогласување на синтетичката со аналитичката сметководствена евиденција, ја организира и применува стапката на амортизација и ревалоризација на основните средства согласно законските прописи;
- води евиденција на основните средства и ситен инвентар во ЈКП;
- средување на сметководствената евиденција и нејзино архивирање, се изготвува завршна сметка и периодични пресметки;
- организација на пописот и евиденција и ажурирање на пописните документи во сметководствената документација;
- се водат задолженијата за мобилни телефони,се утврдува дали некој од вработените го натфрлил лимитот на разговори од службениот број;
- се учествува во подготовките на планот за јавните набавки;
- подготовка на подзаконски акти за регулирање на прашања поврзани со платите, надоместоци на плата, додатоците на плата и другите примања на вработените во ЈКП, и сл.;
- континуирано следење на законите од областа на финансиското работење.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМЕРЦИЈА

Оддлението за комерција своите активности ќе ги остварува согласно Годишниот план за јавни набавки, односно согласно активностите на Одделението за јавни набавки, всушност ќе ги реализира сите видови на набавки за потребите на претпријатието согласно Законот за јавни набавки. Одделението за комерција:

- ќе го врши истражувањето на пазарот по претходно изготвени спецификации од Секторите во Јавното претпријатие, со утврдени количини на материјали, прецизни и точни податоци за материјали кои се предмет на набавка и кои ќе бидат предвидени во Програмата за работа и развој со инвестициони вложувања на ЈКП “Водовод и канализација“-Прилеп
- ќе ги изработува новите шифри за сите видови новонабавени стоки во Претпријатието и истите ќе се имплементираат во постојниот шифрарник од страна на материјалното книговодство
- по завршување на целокупната постапка за јавни набавки и потпишување на договори со понудувачите, преку налозите за набавка потпишани од раководителите на секторите , а одобрени од Директорот на Претпријатието, одделението за комерција ќе ги реализира набавките
- референтите за набавка ќе бидат должни да достават порачка до понудувачот со кого е склучен договорот за набавка
- референтите за набавка се одговорни за количината и квалитетот, заедно со магационерот и одговорното лице за квалитетот на стоката при приемот на стоката во магацинот

Инвестициони активности

Во периодот што следи одделението за комерција ќе го истражува пазарот со цел да се добијаат понуди со квалитет и кванититет што ќе одговара на спецификациите и потребите на ЈКП.

Активности на одделението:

- Подготовка на новите шифри за новобавените стоки.
- Набавка на квалитетни материјали.
- Тесна соработка со одделението за јавни набавки.
- Соработка со сите одделенија на ЈКП.

Очекувани резултати

- подобар квалитет/квантитет на новонабавените материјали.
- прегледност на набавените стоки на ЈКП преку шифрарник.
- прецизни и точни податоци за материјалите кои ќе бидат потребни да се набават во иднина.

Целокупното работење на одделението,посебно во однос на навременост и квалитетот зависи од функционирањето на софтверот кои треба да се подобри (приспособи) и истиот да се стави во функција.

Инвестиционите вложувања во секторот за финансиско работење спаѓаат во услугите за поддршка каде се вклучени и инвестициите од одделението за Односи со корисници (Наплата).

Реализирани инвестиции за Услуги за поддршка во 2024 во МКД

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Искористен Износ	Опис
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче		ден 27,000.00	Лаптоп компјутер
6.1.3.3	2024	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче		ден 20,000.00	Десктоп ласерски печатачи
6.1.3.3	2024	Обуки,семинари			ден 10,000.00	Обуки,семинари
		ВКУПНО			ден 57.000,00	

Инвестиции за Услуги за поддршка во 2025 во МКД

Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
6.1.3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	3	ден 120,000.00	Работни станици (персонален компјутер)
6.1.3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	3	ден 120,000.00	Лаптоп компјутер
6.1.3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	3	ден 25,000.00	Десктоп ласерски печатачи
6.1.3.3	2025	Обуки,семинари			ден 50,000.00	Обуки,семинари
		ВКУПНО			ден 315.000,00	

Изработил:
Пом.Рак. на Сектор за Финасиско работење
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Наум Ѓорчески

Финансиски проекции - Тарифи

Табела 13: Постоечки и пресметани/проектирани тарифи

Тарифи

Волуметриски тарифи	Единица	2020	2021	2022	2023	2024	2025
Водоснабдување							
Домаќинства	МКД/м3	27,13	27,93	28,48	28,99	39,59	40.08
Недомаќинства	МКД/м3	45,65	45,33	45,65	46,21	57,40	58.11
Собирање и одведување на урбани отпадни води							
Домаќинства	МКД/м3	5,28	5,28	5,35	5,41	6.20	6.48
Недомаќинства	МКД/м3	5,28	5,28	5,35	5,41	6.20	6.48
Пречистување на отпадни води							
Домаќинства	МКД/м3	17,35	17,35	16,82	16,98	17,24	17.24
Недомаќинства	МКД/м3	17,35	17,35	16,82	16,98	17,24	17.24

На 18-12-2023 година ЈКП “Водовод и канализација”- Прилеп од РКЕ доби решенија и тоа:

- УП-08-423/23 од 18-12-2023 за утврдување тарифа за водоснабдување;
- УП-08-424/23 од 18-12-2023 за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води;
- УП-08-425/23 од 18-12-2023 за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни урбани води.

Цени добиени по решение од РКЕ за водните услуги се следните:

- ✓ **За водоснабдување:**

за физички лица

2024 година – 41,60 ден | 2025 година – 43,70 ден | 2026 година- 46,90 ден

и за правни лица

2024 година -50,90 ден 2025 година – 52,80 ден 2026 година – 54,90 ден

- ✓ **За одведување на отпадни урбани отпадни води за физички и правни лица:**

2024 година – 7,38 ден | 2025 година – 7,66 ден | 2026 година – 8,13 ден

- ✓ **За прочистување на отпадни урбани води:**

2024 година – 21,95 ден | 2025 година – 24,30 ден | 2026 година – 25,50 ден

И на 27.12.2023 истите беа предложени до Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” Прилеп, се доби одлука , која дополнително со барање се достави до Совет на Општина

Прилеп. Од одредени причини точките не беа ставени на дневен ред на Совет за (не)усвојување.
Согласно Закон за утврдување на цени на водните услуги РКЕ, по Наше барање, донесе решение за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за водна услуга. Донесени беа следниве решенија:

- Утврдување на регулаторна тарифа за водоснабдување со УП1 бр.08-423/23 од 8 јули 2024год.
- Утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбана отпадна вода со УП1 бр.08-424/23 од 8 јули 2024год.
- Утврдување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води со УП1 бр.08-424/23 од 8 јули 2024 год.

Цени добиени по решение од РКЕ за водните услуги се следните:

- ✓ **За водоснабдување:**

за физички лица

2024 година – 39,59 ден	2025 година – 40,08 ден	2026 година- 41,12 ден

и за правни лица

2024 година -57,40 ден	2025година – 58,11 ден	2026 година – 59,62 ден

- ✓ **За одведување на отпадни урбани отпадни води за физички и правни лица:**

2024 година – 6,20 ден	2025 година – 6,48 ден	2026 година – 6,88 ден

- ✓ **За прочистување на отпадни урбани води:**

2024 година – 17,24 ден	2025 година – 17,24 ден	2026 година – 17,63 ден

Предвидена е стапка на изедначување на тарифите на годишно ниво за водоснабдување со што се планира постепено приближување на цената на водата за домаќинствата и недомаќинствата. За применетата стапка ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп се одлучи за постепено изедначување на тарифите со цел да не се изврши оптоварување на буџетот на домаќинствата.
Претходно споменатото не се однесува на волуметриските тарифи за собирање и одведување на отпадни води и пречистување на отпадни води, каде тарифите се изедначени.

ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп користи Волуметриска фиксна тарифа за домаќинства и индустрија.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА 2025 ГОДИНА

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделението за човечки ресурси ја врши својата дејност согласно актуелните законски прописи и внатрешни акти на претпријатието, со што се обезбедува заштита на правата на вработените. Целите и задачите на одделението се огледуваат во обезбедувањето на правна основа и поддршка на сите активности кои се одвиваат во претпријатието што претставува предуслов за законско и правилно функционирање на целокупното работење. Одделението за човечки ресурси обезбедува услуги за координирано и непречено работење на претпријатието во целина и извршува стручни и административно-технички работи, кои се општи и заеднички, работи поврзани со кадровското екипирање и развојот на човечките ресурси, работните односи, вработувањето, матичната евиденција, заштитата при работа, а сето тоа преку:

- континуирано следење на вработувањето, правата од работен однос, следење на законите од областа на трудовото право,
- ја организира постапката за вработување во претпријатието по пат на јавен оглас и други основи,
- се води персонална евиденција и управувњето со личните податоци на вработените,
- подготовка на одлуки, решенија, договори, спогодби, потврди и сл. поврзани со регулирање на правата и должностите на вработените, согласно Законот за работните односи и колективен договор,
- водење на постапките за вработување и одговорност на вработените,
- учествува во подготовка на предлог Статут, Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места и нивна измена и дополнување, согласно насоките на директорот на претпријатието,
- се пратат позитивните законски прописи, особено од областа на пензиското и здравственото осигурување, работните односи, безбедноста и здравјето при работа и други закони и се грижи за нивна примена,
- се дава мислење за интерните акти и подготовка на други правилници кои произлегуваат од работата на ЈКП,
- се подготвуваат сите одлуки, решенија , договори, спогодби ,и сл. од надлежност на претпријатието,
- се водат статистички евиденции по основ различни параметри од областа на човечките ресурси,
- се следи и води евиденција за повреди при работа на работниците,
- врши постојана и редовна контрола на примената на прописите за безбедноста и здравјето при работа, (изјава за безбедност, лекарски прегледи, испитување на средствата и условите за работа и сл.)
- се подготвуваат извештаи, информации, анализи за состојбите во областа на безбедноста и здравјето при работа,
- се вршат и други надлежности од областа што ја покрива одделението.

Ова одделение е одговорно и за целокупното административно работење на претпријатието во делот на човечките ресурси.

Напоменуваме дека според новите законски прописи ова одделение ги изработи новите правилници за Внатрешна организација и за систематизација на работните места, и меѓу првите Јавни предпријатија во Р.С.Македонија доби согласност од Министерството за информатичко општество. Истите Управниот Одбор на ЈКП „Водовод и Канализација“- Прилеп ги усвои и се изврши изработка и достава на договорите за работа на сите вработени согласно Министерството за Информатичко Општество.

Годишен план за вработување

ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, своето функционирање и уредување на работните односи на сите вработени во Јавното Претпријатие го заснова согласно одредбите од Законот за работни односи, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници како и одреден дел на подзаконски акти и Правилници за систематизација и организација на работните места.

Согласно Законот за вработените во јавниот сектор кој прави поделба на вработените во јавното претпријатие на три категории на вработени и тоа:
-административни службеници
-даватели на јавни услуги
-помошно технички пероснал

ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп ги усогласи сите работни места на сите вработени согласно наведените категори и во овој момент работат:

1. 37 (триесет и седум) административни службеници
2. 142 (сто четириесет и два) даватели на јавна услуга
3. 4 (четири) помошно технички пероснал

Согласно Законот за вработените во јавниот сектор, законска обврска на секое јавно претпријатие е да изготви Годишни планови за вработување за секоја календарска година, согласно кои планови би се предвиделе и вработувањата за таа година со опис на работните места, со вкупен број на извршители.

Поради сите овие законски одредби, ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп го донесе Годишниот план за вработување за 2025 година број 01-149/1 од 29.08.2024 година и истиот го достави на согласност до Советот на Општина Прилеп.

Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 20.09.2024 година донесе Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп број 09-2592/1

Министерството за информатичко општество и администрација сеуште нема дадено мислење на Годишниот план за вработување за 2025 година.

Согласно Годишниот план за вработување за 2025 година, во ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп предвидени се вработувања на 17 лица на неопределено време.

Предвидени се 2 (две) пензионирања во текот на 2025 година.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Одделението за административно – правни и општи работи врши нормативно правни и други стручни административни работи за потребите на претпријатието и во таа смисла ги следи сите законски и подзаконски прописи поврзани со работењето и дејноста на претпријатието, а особено ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на претпријатието со законите и другите прописи и предлага активности за нивно усогласување, врши подготовка на предлог актите и актите врзани за работата на претпријатието како статут, правилници, деловодници, договори и други општи и поединечни акти (одлуки и решенија), врши подготовка на актите врзани со работата на Управниот и Надзорниот одбор на претпријатието, дава стручни мислења и појаснувања за примена на законите и другите прописи и општи акти. како и ја следи уставно-судската практика во однос на законите и другите прописи и општи акти на претпријатието и предлага соодветни мерки за усогласување на работењето на претпријатието согласно тие практики.

Остварува соработка со институции од јавен сектор и други државни и приватни правни лица, заради исполнување на правни обврски на претпријатијето кои произлегуваат од посебни закони.

Обезбедува застапување на претпријатието во споровите пред надлежните судови и пред други надлежни органи и лица кои вршат јавни овластувања.

Покренува, води и евидентира судски, управни и други постапки пред надлежни судови, органи и лица кои вршат јавни овластувања.

Во рамки на одделението, се извршуваат и работите од областа на архивското работење, работите од областа на тековното одржување и одржувањето на хигиената во деловните простории на претпријатието, како и вршењето на други работи за потребите на директорот и претпријатието во целост.

Во рамките на одделението се извршуваат и следните работи:

- подготвување на тужби,одговори на тужби,жалби и други правни поднесоци ,
- вршење соработка и застапување пред судовите и јавното обвинителство во Р.М.
- ќе водат досија за судските постапки,
- ќе даваат одговори на преставки од народен правобранител и други институции,
- ќе дава мислење за интерните акти и подготовка на други правилници кои произлегуваат од работата на ЈКП,
- ќе подготвуваат сите одлуки, решенија, договори, спогодби и сл. од надлежност на ЈКП
- ќе вршат стручните работи , спроведување и следење на постапките за јавните набавки,
- ќе вршат работи од областа на канцелариското и архивското работење,
- ќе евидентира нови корисници на услуги и по потреба врши промена на корисници во матичната евиденција преку АОП;

Односи со Јавност

Во одделението за административно – правни и општи работи се извршуваат повеќе работи од кои е и имплементација и спроведување на акционен план на програмата за односи со јавност. Како главни цели на програмата за односи со јавност се следните:

- Подобрување на односите со клиентите- креирање добра средина за интеракција,
- Зголемување на видливоста и пристапноста на ЈКП Водовод и Канализација - како главна институција за обезбедување на санитарно здравствена вода за пиење Општина Прилеп,
- Менаџирање со побарувачката на вода за лимитирање на губитокот како и несовесната употреба на водата. Обезбедување на вода за пиење за сите граѓани на Општина Прилеп, питка вода која ги задоволува важечките стандарди на квалитет со трошковно ефективен начин.

Како алатки, системи и активности за конституирање на приоритети на програмата за односи со јавност се:

- КОРИСТЕЊЕ НА МЕДИУМИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА - Целта е навремено известување за пораките на Водовод и Канализација до општата јавност и нејзино информирање за чекорите кои ќе се превземаат од страна на ЈКП.

- ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО СООДВЕТНИ ИНСТИТУЦИИ - Секојдневно известување на Центарот за управување со кризи, во одредени ситуации известување до Агенцијата за храна и ветеринарство итн.

- ВЕБ СТРАНА www.vodovod-prilep.mk- и Фјесбук страна – Изградена е модифицирана веб страна со публикување на контакти од одделенијата на ЈКП „Водовод и канализација“ и тековни информации за нивната работа. За брз и ефикасен и ефективен начин на заштеда на време и пари, ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп овозможува брз контакт со корисниците, со цел да се задоволат нивните потреби, а воедно да се оствари добра и здрава релација „корисник- давател на услуги“, информациите од Веб страната им помагаат на граѓаните да имаат преглед во работењето на службите на ЈКП Водовод и Канализација. Веб страната е модифицирана и се извршува електронско плаќање на сметките.

- УЧИЛИШНА ПРОГРАМА - Интергирање на информации и податоци за услугите и работењето на Водовод и Канализација во образовната програма преку серија работилници со ученици.

- КАМПАЊА ЗА ШТЕДЕЊЕ НА ВОДАТА- „Секоја капка се брои и плаќа!“, како и Подигање на свеста за значењето и штедењето на водата кај Ромското население во 2009 година. Од 2007 година кампањата „Секоја капка се брои и плаќа!“, се одвива повеќе кај помладата популација во Основните училишта каде се придонесе развој на свеста за рационално користење на водата и ценењето на услугите кои ги дава ВиК за Општеството, со предизвик на долгорочна релација со идните потрошувачи и патоказот за совесното користење на водата.

Главни бенефити на добра развиена и имплементирана програма за односи со јавност:

- Клиентите да почувствуваат дека се сериозно земени во обзир со поголема добра волја да плаќаат врз редовна основа,
- Лесен пристап до целосна и навремена информација за сметките за вода и пресметките или известување за губитоци на вода, штета или барање за нов приклучок, што пократок период за обезбедување на навремени, точни и релевантни информации каде што се олеснува размената на информации, што ќе се добие успешност за имплементирање на добар однос меѓу ЈКП „Водовод и канализација“ и клиентите.
- Зголемување на видливоста и пристапноста, кон поставување на добра релација меѓу ЈКП „Водовод и канализација“ и клиентите.

Еден од важните аспекти на работењето на ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп е систематски и принципиелен пристап кон спроведување на активностите поврзани со работењето на ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп. Со воспоставување на овие процедури, се воспостави и редоследот на активностите кои треба да се превземат од страна на секој оддел вклучен во одредената постапка, кое води до зголемување на ефикасноста во работењето на „Водовод и канализација“- Прилеп. Меѓу другото, со воведување на овие процедури, се настојува да се постигне главната цел за работењето на ЈКП, како и активностите и мерките кои се потребни да се превземат. Постои информационен систем со кој се заведуваат сите барања и жалби од страна на корисниците, кои се спроведуваат со посебни кодови и процедури и тука се задолжени две лица кои работат со Информациониот Систем.

- **Инвестициони активности**

Нов софтвер за архивско работење - Новите техничко технолошки решенија овозможуваат електронска евиденција на документите, што само по себе се наметнува како нужност и мора да биде имплементирано во тековното работење на претпријатието. Со електронската архива се обезбедува**:**

- Зголемена ефикасност на процесот на работа со документи,
- Брз и лесен пристап до документи и информации од било каде,
- Споделување на документи во рамки на целата компанија,
- Заштеда на време и трошоци за рачна обработка на податоци,
- Безбедно чување на документи со брз пристап,

Спречување на загуба на документите

Инвестициони вложувања за Сектор за административно – правни, општи работи и управување со човечки ресурси за 2025 година


Ref	ГОДИНА	Категорија	Ед. Мера	Количина	Износ	Опис
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	5.300,00	Монитор
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	4.900.00	Хард диск, надворешен
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	3	18.000.00	Канцелариски столици
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	6.000.00	Скенер
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	15.000.00	Копир апарат
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	2	46.000.00	Работни станици (персонален компјутер)
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	27.000.00	Лаптоп компјутер
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	5.000.00	Десктоп ласерски печатачи
6.1. 3.3	2025	Мебел , канцелариска опрема(Услуги за поддршка) (нов)	парче	1	90.000.00	Нов софтвер за архивско работење
6.1. 6.1	2025	Нематеријални средства (Нов) (Услуги за поддршка)	парче	40	1.000.000.00	Обуки,семинари
		ВКУПНО			**1.217.200. 00ден.**	

Инвестициите предвидени во табела се дел од инцестициите - Услуги за поддршка за 2025 год.

Изработил:
Рак. на одд. Човечки ресурси
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Марија Цветаноска

Прилог 1 – Вработени и организација на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп

Слика А-1: Сегашна организациска структура на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп



ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП “ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА” - ПРИЛЕП ЗА 2025 ГОД

ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп има обврски да изготвува Законски Извештаи според Законски прописи и ги доставува до Управата за Јавни Приходи и до Централниот Регистар на Република Македонија, а за потребите на менаџментот и органите на управување подготвува Извештаи по МСС. Програмата за сметководство нуди можности за соодветно информирање согласно потребите на менаџментот и органите на управување. Обврска на Раководителот на финансов сектор е да провери дали ЈКП„Водовод и канализација“- Прилеп е во план и програма изготвена од Државен завод за ревизија. Управниот одбор целосно е информиран и за кварталните извештаи кои се доставуваат до основачот Општина Прилеп, годишната сметка за деловната година и ревизорскиот извештај изработен од Државниот завод за ревизија.

Работењето во претпријатието е на две организациони единици од аспект на трошковното работење од финансиски и технички аспект соодветно според Законските прописи и Контниот план во Република С. Македонија.

Изготвените Финансиски извештаи (тримесечен и годишен) се разгледуваат од страна на менаџментот како и од органите за управување- со одлука од Управен и Надзорен Одбор како и одлука на Совет на Општина Прилеп.

ЈКП „Водовод и канализација“- Прилеп своето работење го врши согласно Законските прописи на Република С. Македонија- Законот за Јавни претпријатија, Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавен сектор, Закон за спроведување на вода за пиење и одведување со отпадни води, Закон за комунални дејности, Закон за трговски друштва, Закон за локална самоуправа и други закони и подзаконски акти.

Обврски за ревидирање на Финансиските извештаи ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп ги извршува согласно именованите Законски прописи и подлежи на контрола на Управата за Јавни приходи и Државниот завод за ревизија.

За потребите на менаџментот, органите на управување и Советот на Општина Прилеп, се подговтвува тримесечни и годишни финансиски извештаи со сите неопходни менаџерски информации за фактурирање на вода, наплата, биланси по МСС (Меѓународни Сметководствени Стандарди), помошни анализи и показатели за давење соодветна слика за претпријатието и преземање соодветни чекори.

Финансиските извештаи за финасиската успешност за ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп претставува систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи ги и организационата структура, методите, процедурите на работење и внатрешна ревизија, воспоставени и имплементирани од раководните лица на субјектот во согласност со поставените цели за да овозможат извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин, преку: Доверливост и интегритет на информациите; Примена на законските прописи, интерни акти, насоки на раководството; Раководење и чување на ресурсите; Економично, ефикасно и ефективно користење на средствата; Воспоставениот систем на финансиски менаџмент и контрола претставува поголеми надлежности и одговорности на менаџментот на правните субјекти, (градоначалникот на општината, директор на јавното претпријатие односно раководителот на соодветниот сектор). Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Меѓународните стандарди за ревизија и стандардите за внатрешната контрола во јавниот сектор, менаџментот според должноста воспоставува организациона структура и процедури и истите ги имплементира во секојдневната активност на субјектот. Овие процедури јасно ги дефинира и назначува одговорностите и ограничувањата во писмена форма.

ЈКП “Водовод и канализација“ – Прилеп планира да има добивка за 2025 година од 184,425.00 ден.

Ред. Бр	Конто	ОПИС	Реализирано со 30.11.2024 и планирано за 12м.	Планирано 2024 година
1	**740**	**Приходи од продажба на производи**	**209,438,452.00**	**230,080,000.00**
		Приходи од вода-граѓани	90,355,162.00	99,000,000.00
		Приходи од вода -претпријатија	25,603,017.00	29,000,000.00
		Приходи од разлика на вода	19,300.00	30,000.00
		Приходи од одржување	15,187,988,00	16,000,000,00
		Приходи од канализација	18,609,823,00	21,000,000,00

		Приходи од нови инсталации + нови приклучоци	933,820,00	1,000,000,00
		Приходи од водомерна работилница	0	500,000,00
		Приходи од повторно приклучување	10,164,00	50,000,00
		Приходи од пречистување на отп.води	54,274,366,00	59,000,000,00
		Приходи од поп.вод.мрежа-чист.канал.	4,444,812,00	4,500,000,00
2	**747**	**Приходи од наемнина**	**350,810,00**	**400,000,00**
3	**765**	**Приходи од отпис на обврски**	**26,816,00**	**50,000,00**
4	**767**	**Приходи од премии за осигурување**	**0,00**	**0,00**
5	**769**	**Други неспомнати приходи**	**54,340,968,00**	**55,000,000,00**
6	**774**	**Приходи од камати**	**3,173,322,00**	**3,500,000,00**
7	**779**	**Приходи од суд.,адв.,нотар тр.-Акции и Фонд**	**1,444,890,00**	**1,500,000,00**
		Вкупно приходи	**268,775,258,00**	**290,530,000,00**

Ред. Бр	Конто	ОПИС	Реализирано со 30.11.2024 и планирано за	Планирано 2025 година

			12м.	
1	**401**	**Потрошен материјал**	**23,132,967,00**	**23,220,000,00**
		Потрошен материјал за тековно одржување	5,347,897.00	5,500,000.00
		Потрошен канцелариски материјал	550,592.00	560,000.00
		Потрошен хлор	819,592.00	850,000.00
		Потрошен др.материјал-тр.израб.на сметки	526,112.00	550,000.00
		Потрошен материјал за одржување хигиена	258,720.00	260,000.00
		Потрошена вода Студенчица	15,630,054.00	15,500,000.00
2	**403**	**Потрошена енергија**	**15,698,477.00**	**16,880,000.00**
		Потрошена електрична енергија	13,346,967.00	14,000,000.00
		Потрошено гориво за товарни возила	1,027,962.00	1,200,000.00
		Потрошено гориво за патнички возила	819,125.00	900,000.00
		Потрошено масла и мазиво	273,087.00	280,000.00
		Потрошени дрва	231,336.00	250,000.00
3	**408**	**Отпис на ситен инвентар и авто гуми**	**248,791.00**	**250,000.00**
4	**411**	**Транспортни трошоци**	**1,026,622.00**	**1,080,000.00**
		Трошоци за фиксни телефонски услуги	92,723.00	95,000.00
		Тошоци за ПТТ услуги и достава	113,688.00	150,000.00
		Трошоци за интернет	220,364.00	230,000.00
		Трошоци за мобилни телефони	526,307.00	530,000.00
		Трошоци за ост.телекомуникациски услуги	73,540.00	75,000.00
5	**412**	**Надворешни услуги**	**2,602,283.00**	**2,531,000.00**
		Трошоци за услуги за веб	30,141.00	31,000.00
		Трошоци за останати надворешни услуги, за изградба и санација	2,572,142.00	2,500,000.00
6	**413**	**Трошоци за услуги**	**9,293,883.00**	**9,482,000.00**

		Трошоци за тековно одржување	6,492,809.00	6,500,000.00
		Трошоци за одржување на хардвер и софтвер	265,451.00	270,000.00
		Трошоци за серв.и поправка на пат.авто.и тов.авт.	2,332,773.00	2,500,000.00
		Занаетчиски услуги и поправки	1,964.00	2,000.00
		Останати услуги-баждарење на боци и водомери	155,746.00	160,000.00
		Трошоци за перење возила	30,959.00	35,000.00
		Трошоци за вулканизерски услуги	14,181.00	15,000.00
7	**414**	**Трошоци за закуп на дел.простории-магацин**	**468,964.00**	**470,000.00**
8	**415**	**Трошоци за комунални услуги**	**3,035,568.00**	**3,050,000.00**
9	**416**	**Трошоци за стекнати нови знаења**	**54,109.00**	**55,000.00**
10	**417**	**Трошоци за реклама и пропаганда**	**67,185.00**	**70,000.00**
11	**419**	**Останати нематеријални трошоци**	**8,764,877.00**	**7,170,000.00**
		Трошоци за ревизија	0	
		Трошоци за консултантски услуги	0	
		Трошоци за адвокатски услуги	49,920.00	50,000.00
		Трошоци за нотарски услуги	988,765.00	1,000,000.00
		Трошоци за извршители	117,904.00	150,000.00
		Трошоци за контрола на квалитет на вода	1,016,073.00	1,100,000.00
		Трошоци за регистрација на возила	111,322.00	120,000.00
		Услуги-сезонски работници	5,733,609.00	4,000,000.00
		Останати неспомнати трошоци-отстапувања	494,871.00	500,000.00
		ХТЗ ОПРЕМА	252,413.00	250,000.00
12	**4210**	**Вкалкулирана плата**	**125,051,000.00**	**137,556,100.00**

		Собирање на вода	54,709,413.00	60,180,354.30
		Отпадни води	8,279,125.00	9,107,037.50
		Помошни услуги	5,217,679.00	5,739,446.9
		Услуги за поддршка	47,393,461.00	52,132,807.00
		Третман на води	9,451,322.00	10,396,454.00
13	**4211**	**Вкалкулиран надомест за плати**	**2,424,160.00**	**2,350,000.00**
		Надомест за боледување	740,120.00	750,000.00
		Надомест за годишен одмор	1,073,688.00	1,000,000.00
		Надомест за државни празници	612,352.00	600,000.00
14	**422**	**Останати трошоци за вработени**	**13,983,782.00**	**11,850,000.00**
		Трошоци за помош за болест,смрт на вработ.	84,089.00	100,000.00
		Трошоци за оптпремнина	945,119.00	1,000,000.00
		Трошоци за јубилејни награди	2,733,888.00	500,000.00
		Трошоци за регрес за годишен одмор	5,250,042.00	5,250,000.00
		Трош.за Новогодишен надомест до проп. износ	4,970,644.00	5,000,000.00
15	**434**	**Амортизација**	**68,000,000.00**	**68,500,000.00**
16	**440**	**Надоместоци и трошоци за вработени**	**111,285.00**	**112,000.00**
		Трошоци за патни сметки во земјата	93,329.00	94,000.00
		Трошоци за ноќевање во земјата	0	0
		Патни трошоци во земјата	17,956.00	18,000.00
		Патни трошоци во странство	0	0
17	**441**	**Надомс.на трош.за втаб.за задолж.прегледи**	**26,100.00**	**30,000.00**
18	**442**	**Трошоци за надомест на УО и НО**	**105,710.00**	**109,000.00**
		Трошоци за надомест на УО	92,133.00	95,000.00
		Трошоци за надомест на НО	13,577.00	14,000.00

19	**443-444**	**Спонзорства,донации и репрезентација**	**429,242.00**	**428,000.00**
		Спонзорства на физички лица и правни субјекти	0	0
		Донации на физички лица и правни субјекти	28,727.00	30,000.00
		Трошоци за угостителски услуги	52,560.00	53,000.00
		Трошоци за празници и одбележувања	95,182.00	95,000.00
		Трошоци за Комуналијада и Синдикат	200,000.00	200,000.00
		Трошоци за кафе кујна	52,773.00	50,000.00
20	**445**	**Трошоци за осигурување**	**1,047,319.00**	**1,000,000.00**
		Трошоци за осигурување на материјални с-ва		
21	**446-447**	**Банкарски услуги,чланарини и давачки**	**3,131,900.00**	**3,152,475.00**
		Трошоци за банкарски услуги	540,305.00	550,000.00
		Трошоци за провизии	523,270.00	530,000.00
		Трошоци за Централен регистар	11,002.00	12,000.00
		Чланарини за комори,здруженија	267,830.00	270,000.00
		Трошоци за административни такси	2,018.00	3,000.00
		Трошоци за бенифициран стаж	1,787,475.00	1,787,475.00
		Трошоци за кредитни картички	0	0
22	**449**	**Останати трошоци од работењето**	**453,862.00**	**475,000.00**
		Трошоци за судски такси	19,515.00	20,000.00
		Трошоци за претплата на весници,списанија	44,882.00	45,000.00
		Трошоци за огласи и конкурси-Јавни набавки	286,073.00	300,000.00
		Останати трошоци од работењето-Регулат.Ком.	103,392.00	110,000.00
23	**455**	**Вредносно усогласување по тужби**	**2,822,919.00**	**500,000.00**
		Вредносно усогласување на краткорочни поб.	2,822,919.00	500,000.00
24	**468-469**	**Казни и штети од работењето**	**24,076.00**	**25,000.00**
		Надомест на штети на др.друш.и физ.л по спог.и	24,076.00	25,000.00

		судски прес.		
25	**479**	**Камати од работењето**	**74.00**	**0**
		Камати од работењето	74.00	0

Вкупно расходи	**282,007,155.00**	**290,345,575.00**
Загуба	**-13,231,897.00**	
Добивка		**184,425.00**

Изработил:
Пом.Рак. на Сектор за Финасиско работење
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Цвете Тренкоска

Годишната програма за работа и развој со инвестициски вложувања за 2024 година е изготвена во рамките на Одделението за подготовка, инвестиции и развој со што активностите од тековната година и планираните активности за одделенијата од Секторот за технички работи и развој и Секторот за пречистување и одведување на отпадни води ги изработуваат раководителите од одделенијата во овие сектори.

Програмата за секторот за финансиско работење и финансискиот план за работа се изработени од секторските раководители од Секторот за финансиско работење .

Програмата за Сектор за административно – правни, општи работи и управување со човечки ресурси е изработена од раководителот на одделение за Човечки ресурси .

Изработаката на целосната документација е одобрена и е во соработка со целокупниот раководен тим при ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп.

Директор
ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп
Игор Гулабоски

		Надомест на штети на др.друш.и физ.л по спог.и судски прес.	24,076.00	25,000.00
25	**479**	**Камати од работењето**	**74.00**	**0**
		Камати од работењето	74.00	0

Вкупно расходи	**282,007,155.00**	**290,345,575.00**
Загуба	**-13,231,897.00**	
Добивка		**184,425.00**

Изработил:
Пом.Рак. на Сектор за Финасиско работење
ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп
Цвете Тренкоска

Годишната програма за работа и развој со инвестициски вложувања за 2025 година е изготвена во рамките на Одделението за подготовка, инвестиции и развој со што активностите од тековната година и планираните активности за одделенијата од Секторот за технички работи и развој и Секторот за пречистување и одведување на отпадни води ги изработуваат раководителите од одделенијата во овие сектори.

Програмата за секторот за финансиско работење и финансискиот план за работа се изработени од секторските раководители од Секторот за финансиско работење .

Програмата за Сектор за административно – правни, општи работи и управување со човечки ресурси е изработена од раководителот на одделение за Човечки ресурси .

Изработаката на целосната документација е одобрена и е во соработка со целокупниот раководен тим при ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп.

Директор
ЈКП „Водовод и канализација" Прилеп
Игор Гулабоски